**Проект:** “Let’s take the rights in our hands”

## СОДРЖИНА


**АПСТРАКТ** ____ **3**

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** ____ **4**

**ВОВЕД** ____ **5**

**1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ____ **7**

**1.1. ПРВА ФАЗА: *ПОДГОТВИТЕЛНА ФАЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*** ____ 7
**1.2. ВТОРА ФАЗА: *ДЕФИНИРАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРИМЕРОКОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*** ____ 11
**1.3. ТРЕТА ФАЗА: *ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОНЛАЈН-АНКЕТА*** ____ 13
**1.4. ЧЕТВРТА ФАЗА: *ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ, АНАЛИЗА И ТОЛКУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО*** ____ 14

**2. АНАЛИЗА И ИНДИКАТИВНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** ____ **15**

**2.1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИМЕРОКОТ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО** ____ 16
*2.1.1. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според НИВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ во кое е/се вклучено/и детето/децата* ____ *17*
*2.1.2. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според БРОЈОТ НА ДЕЦА КОИ ГИ ИМААТ 18*
*2.1.3. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според НАСЕЛЕНОТО МЕСТО во кое нивното/нивните дете/деца посетува/посетуваат настава во основно и/или средно образование 20*
**ИНДИКАТИВНИ НАОДИ ВО ОДНОС НА *ОПШТИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ* НА ПРИМЕРОКОТ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО** ____ 21
**2.2. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИМЕРОКОТ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО** ____ 22
*2.2.1. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според ПОЛОТ* ____ *22*
*2.2.2. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според ВОЗРАСТА* ____ *23*
*2.2.3. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според СТЕПЕНОТ НА ЗАВРШЕНО ОБРАЗОВАНИЕ* ____ *24*
*2.2.4. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според ЗАНИМАЊЕТО* ____ *25*
*2.2.5. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според ПРИХОДИТЕ ВО ДОМАЌИНСТВОТО* ____ *26*
**ИНДИКАТИВНИ НАОДИ ВО ОДНОС НА *ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ* НА ПРИМЕРОКОТ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО** ____ 26
**2.3. ИСКУСТВА И СТАВОВИ НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ ОД ДОСЕГАШНАТА ОНЛАЈН-НАСТАВА ИЛИ УЧЕЊЕТО НА НИВНИТЕ ДЕЦА ОД ДАЛЕЧИНА** ____ 27
*2.3.1. Резултати за перцепциите и ставовите на родителите/старателите во однос на степенот на задоволување на потребите на учениците од досегашната онјалн-настава или насатава од далечина* ____ *28*
*2.3.2. Резултати во однос на перцепциите и ставовите на родителите/старателите за појава на промени кај детето/децата поврзани со онлајн-учењето* ____ *31*
*2.3.3. Резултати во однос на перцепциите и ставовите на родителите/старателите за придонесот на онлајн-наставата за оценките и знаењата на децата* ____ *34*
*2.3.4. Резултати во однос на просторни и други технички услови во домот за следење онлајн - настава 37*
*2.3.5. Резултати во однос искажаните предизвици на родителите/старателите при онлајн-наставата на нивните деца* ____ *38*

*2.3.6. Резултати во однос на искажаните предизвици со кои се соочиле децата при онлајн-наставата на нивните деца* 40
Индикативни наоди во однос на искуствата и ставовита на родителите/старателите од *досегашната онлајн-настава* или *учењето на нивните деца од далечина* 42
**2.4.** Ставови и мислења на родителите/старателите за методите и начините на организирање на образовниот процес на нивните деца за учебната **2020/2021** година 45
*2.4.1. Резултати во однос на искажаните ставови на родителите/старателите за условите под кои би се сложиле да се одвива наставата со физичко присуство на нивните деца* 45
*2.4.2. Резултати во однос на искажаните ставови на родителите/старателите за условите за кои би се чувствувале најсигурни дека нивното дете нема да биде изложено на опасност од зараза* 47
*2.4.3. Резултати во однос на искажаните ставови на родителите/старателите за методот на комбинирана настава за нивните деца* 49
*2.4.4. Резултати во однос на искажаните ставови на родителите/старателите за потпишување согласност за физичко присуство во училиште на нивните деца* 51
*2.4.5. Резултати во однос искажаните предлози на родителите/старателите за организирање на наставата од септември, 2020* 53
*2.4.6. Резултати во однос на можностите на родителите/старателите да им помогнат на децата во совладување на наставните содржини* 55
*2.4.7. Резултати во однос на можностите на родителите/старателите да им помогнат на децата во совладување на наставните содржини* 55
*2.4.8. Резултати во однос на искажаните грижи на родителите/старателите доколку се започне со физичко одење на училиште* 58
*2.4.9. Резултати во однос на ставот на родителите/старателите за физичко присуство на децата во училиште и бројот на активни случаи на инфицирани со Ковид-19* 60
*2.4.10. Резултати во однос на ставот на родителите/старателите за дружење на нивните деца со други во услови на епидемија на Ковид-19* 61
Индикативни наоди во однос на ставовите и мислењата на на родителите/старателите за методите и начините за организирање на образовниот процес на нивните деца за учебната **2020/2021** година 63
**АНЕКС 1: ЛИСТА НА ИЗБРАНИ НАЦИОНАЛНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ДЕСК-АНАЛИЗА** **66**
**АНЕКС 2: ПРАШАЛНИК ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА СТАВОВИТЕ И ИСКУСТВОТО НА РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ ЗА НАЧИНИТЕ И МЕТОДИТЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС НА ДЕЦАТА ЗА УЧЕБНАТА 2021/2021 ГОДИНА** **68**

## АПСТРАКТ

Во продолжение следи извештај кој претставува анализа на податоците добиени од квантитативното онлајн-истражување за ставовите и искуството на родителите/старателите за методите на организирање на образовниот процес на децата за учебната 2020/2021 година. Истражувањето е дел од проектот „Да ги земеме правата во наши раце“, реализиран од страна на нашата организација Прва детска амбасада во светот − Меѓаши.

Извештајот се состои од две поглавја: 1) Методологија за спроведување на квантитативното онлајн-истражување за ставовите и искуството на родителите/старателите за методите за организирање на образовниот процес на децата за учебната 2020/2021 година и 2) Анализа и индикативни наоди од Истражување за ставовите и искуството на родителите/старателите за методите за организирање на образовниот процес на децата за учебната 2020/2021 година. Во првото поглавје детално се прикажани фазите и спроведените активности од овој дел од истражувањето. Второто поглавје се состои од потпоглавја во кои се опфатени анализата и значајните индикативни наоди од истражувањето за општите и демографските карактеристики на испитаниците во истражувањето, за искуствата и ставовите на родителите/старателите од досегашната онлајн-настава или учењето на нивните деца од далечина и за ставовите и мислењата на родителите/старателите за методите и начините за организирање на образовниот процес на нивните деца за учебната 2020/2021 година.

Квантитативното онлајн-истражување за ставовите и искуството на родителите/старателите за методите за организирање на образовниот процес на децата за учебната 2020/2021 година даде резултати кои претставуваат еден вид глас и пораки од родителите на децата вклучени во основното и средното образование. Индикативните наоди претставуваат солидна насока за понатамошното планирање и спроведување на активности согласно престојните одлуки кои треба да ги донесат надлежните институции за методите и начините за отпочнување на новата учебна година.

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| ЦСОО | Центар за стручно образование и наука |

# ВОВЕД

Во последните три години Меѓаши реализира проект „Да ги земеме правата во наши раце“; посебен дел од проектот е посветен на развојот на капацитетот на организацијата, со планирани активности кои се однесуваат на повеќе релевантни области на капацитетите. Едно од овие е примената и областа на капацитетот за квалитет, што се однесува на недостаток на систематско следење и проценка на програмите и активностите и недостаток на систем за постојано надградување на резултатите од мониторинг и евалуација при дизајнирање и спроведување на програмата.

Меѓу планираните активности во оваа област е „Зголемување на капацитетите на персоналот во специфични тематски области поврзани со правата на децата (законодавство, мониторинг на правата на децата, модели за заштита на децата итн.) и засновано врз анализа на потребите за обука на персоналот“. Во кризата предизвикана од Ковид-19 едни од најпогодените се децата и образованието. Сите програми на Меѓаши се насочени кон образованието и училиштата и затоа внимателно ја следиме ситуацијата. Тековната дискусија и дилемата за образованието ќе придонесат за изборот на начинот на кој ќе се организира новата учебна година. Во моментов постојат неколку опции што се разгледуваат, од физичко присуство во училишните згради, до целосно преминување на учење од далечина (т.н. онлајн-учење). Со цел да се поддржи начинот кој е во интерес за децата и да се дадат информирани препораки до Министерството за образование и наука, во рамките на горенаведените активности на ОЦД како дел од мониторингот на правата на децата, Меѓаши спроведе анкета за да ги испита ставовите и искуство на родители и старатели на ученици за продолжување на образовниот процес заклучно со септември 2020 година. Пред вас е документот во кој се прикажани резултатите и наодите од истражувањето.

*Цели* на ова истражување се:

1) Да се добие оформена квантитативна и квалитативна оцена за:
   - ставовите и мислењата на родителите/старателите за приоритетните потреби и интереси на децата во контекст на образовниот процес во новата учебна 2020/2021 година;

- ставовите и искуствата на родителите/старателите на децата − учениците во основното и средното образование поврзани со одвивањето на наставата од далечина во периодот март – јуни, 2020 година;
- ставовите и очекувањата на родителите/старателите за начините и методите на вклучување на нивните деца во образовниот процес во новата учебна 2020/2021 година.

2) Да се обезбедат соодветни информации и препораки, формулирани врз основа на индикативните наоди од истражувањето до чинителите и носителите на одлуки во образовниот процес, како поддршка во донесувањето одлуки за методите за организирање на образовниот процес на децата во новата учебна 2020/2021 година; притоа, приоритетно акцентот треба биде на потребите и интересите на децата.

Со имплементација на истражувањето беа постигнати зацртаните цели и се потврди релевантноста на добиените резултати.

# 1. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето за ставовите и искуството на родителите/старателите за методите на организирање на образовниот процес на децата за учебната 2020/2021 година се спроведе како онлајн-истражување во облик на анкета. Пристапот во истражувањето е квантитативен и истиот подразбира процес на планирање, спроведување и анализа на 1 003 поединечно пополнети онлајн-анкети[1] од страна на родители/старатели на деца - ученици вклучени во основното и средното образование во. Целото истражување се одвиваше низ *четири фази*: 1) Подготвителна фаза; 2) Фаза на дефинирање и утврдување на примерокот на истражување; 3) Фаза на имплементација на онлајн-анкета и 4) Фаза на обработка на податоците, анализа и толкување на резултатите добиени од истражувањето. Секоја од овие фази во себе содржеше соодветни активности, во чии рамки, исто така, беа употребени соодветни методи и техники. Во продолжение следи детален приказ на спроведените фази и активности во истражувањето.

## 1.1. Прва фаза: *Подготвителна фаза на истражувањето*

Подготвителната фаза на истражувањето во себе содржеше активности кои обезбедија солидна основа за соодветно прибирање податоци преку онлајн-анкетата, неопходни за анализа. Истите се проследени во продолжение на текстот:

*1.1.1. Запознавање и проценка на тековните состојби* на образовниот процес на децата во основно и средно образование за време на пандемијата на Ковид-19. Активноста подразбираше:

- ✓ *Избор на документи*[2] (види Анекс 1) *и литература* за *деск-анализа,* за мерките, законите, програмите и стратегиите кои се однесуваат на образовниот процес во основното и средното образование и на пандемијата на Ковид-19. Целта на оваа подактивност беше, преку анализа и прибирање на податоци од наведените достапни документи и стручна литература, да се постави основа на истражувањето, да се добие увид и да се обезбедат соодветни информации за преземените активности и мерки од

[1] За детален преглед на примерокот види поглавје 1.2. Дефинирање и утврдување на примерокот на истражување
[2] За детален преглед види Анекс 1

страна на органите на државната управа, надлежни и одговорни за спроведување на образовниот процес.

- ✓ *Прецизно дефинирање и утврдување на предметот на истражувањето*. *Предмет* на истражувањето е идентификуваната потреба да се направи увид во ставовите и искуствата на родителите/старателите на децата - учениците во основното и средното образование, поврзани со одвивањето на наставата од далечина во периодот март – јуни, 2020 година, но и во ставовите и очекувањата на родителите/старателите за вклучување на нивните деца во образовниот процес во новата учебна 2020/2021 година.
- ✓ *Прецизно дефинирање и утврдување на целите на истражувањето*. *Цели* на истражувањето се:

  1) Да се добие оформена квантитативна и квалитативна оцена за ставовите и мислењата на родителите/старателите за приоритетните потреби и интереси на децата во контекст на образовниот процес во новата учебна 2020/2021 година;

  2) Да се добие оформена квантитативна и квалитативна оцена за ставовите и искуствата на родителите/старателите на децата - учениците во основното и средното образование поврзани со одвивањето на наставата од далечина во периодот март – јуни, 2020 година;

  3) Да се добие оформена квантитативна и квалитативна оцена за ставовите и очекувањата на родителите/старателите за начините и методите на вклучување на нивните деца во образовниот процес во новата учебна 2020/2021 година и

  4) Да се обезбедат соодветни информации и препораки, формулирани врз основа на индикативните наоди од истражувањето, за чинителите и носителите на одлуки во образовниот процес, како поддршка во донесувањето одлуки за методите за организирање на образовниот процес на децата во новата учебна 2020/2021 година; притоа, приоритетно акцентот треба биде на потребите и интересите на децата.

### *1.1.2. Подготовка на прашалник како инструмент за истражувањето*

Во основа оваа активност подразбираше подготовка за формулирање добри и соодветни прашања, т.е. дизајнирање на соодветен прашалник за истражување, согласно утврдените цели на истражувањето:

- ✓ Одредување на *тематски целини на прашалникот*. Согласно целите, прашалникот содржи прашања конципирани во четири тематски целини: 1) Прашања за општи податоци на испитаниците поврзани со бројот на деца, нивото на образование во кое се вклучени нивните деца и населеното место каде децата посетуваат настава; 2) Прашања кои се однесуваат на ставовите и искуствата на родителите/старателите од досегашната онлајн-настава или учењето на нивните деца од далечина; 3) Прашања кои се однесуваат на ставовите и мислењата на родителите/старателите за методите и начините на организирање на образовниот процес на нивните деца за учебната 2020/2021 година и 4) Демографски податоци на испитаниците. Вака конципираниот прашалник даде соодветни информации и во однос на испитаниците (примерокот) и во однос на целите на истражувањето, но и овозможи информации со чие вкрстување се добија дополнителни квантитативни и квалитативни индикативни наоди, како додадена вредност на целото истражување.
- ✓ *Формулирање на прашањата*. Прашалникот според кој се спроведе истражувањето е структуиран прашалник, со затворени и отворени прашања, т.е. со прашања со понудени опции за одговор, но и со отворени прашања во кои испитаниците можеа слободно да си го изразат својот став и мислење во однос на темите[3]. Прашањата во прашалникот се конципираа во однос на утврдените цели на истражувањето, со примена на критериумите: јасност, прецизност, точност, неутралност на прашањата, интерпретацијата на прашањата и времетраењето, т.е бројот на прашањата (обем на прашалник).

### *1.1.3. Тестирање (проверка) на прашалникот*

Тестирањето на прашалникот се направи во однос на: јасност, прецизност, точност, неутралност на формулација на прашањата, интерпретацијата на прашањата и времетраењето на анкетата. Пред јавно да биде објавена онлајн-анкетата, линкот од истата се испрати пробно до десет испитаници (соработници) кои се родители/старатели на деца вклучени во основното и/или средното образование. Истите беа замолени да одговорат на анкетата и да дадат

[3] За детален преглед види Анекс 2

мислење во однос на тоа дали прашањата се јасно конципирани, прецизни, дали обезбедуваат точни и неутрални одговори и дали е соодветно времетраењето на анкетата, т.е. колку време одзема за пополнување. Според добиените сугестии, првично прашалникот е оценет на начин прикажан во Табела бр.1. По добиените сугестии, се направија соодветните измени, се утврди бројот и концептот на прашања, т.е. се финализира конечната верзија на прашалникот за спроведување на онлајн-анкета и истиот е прикажан во Анекс 2 на овој документ.

***Табела бр. 1 Приказ на оцени од тестирање на драфт-прашалникот за истражувањето***

Почитуван/а, за исказите подолу, ве молиме изберете ја соодветната оцена (број) од скалата:

1 = Незадоволително
2 = Многу слабо
3 = Добро, но треба подобрување
4 = Многу добро
5 = Одлично

| **Приказ на оцени од тестирањето на прашалникот** | **Број на одговори според оцените во скалата** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| 1. Прашањата во прашалникот се јасно конципирани (разбирливи) | | 1 | 1 | 1 | 7 |
| 2. Прашањата во прашалникот се прецизни (точно се знае на што се однесуваат и лесно се одговараат) | | 1 | 1 | 1 | 7 |
| 3. Прашањата во прашалникот се неутрални (не наведуваат на одреден одговор) | | 1 | | 2 | 7 |
| 4. Времетраењето на пополнувањето на прашалникот не одзема многу време (соодветно е времето за пополнување на прашалникот) | | | | 2 | 8 |

### *1.1.4. Утврдување на финалната верзија на прашалникот за истражување*

За потребите на ова истражување, како инструмент за спроведување на онлајн-анкета е изготвен структуиран прашалник, конципран со вкупно дваесет и девет прашања од отворен и затворен тип, поделени во четири тематски целини:

1) Прашања за општи податоци на испитаниците поврзани со бројот на деца, нивото на образование во кое се вклучени нивните деца и населеното место каде посетуваат настава (број на прашања 4);
2) Прашања кои се однесуваат на ставовите и искуствата на родителите/старателите од досегашната онлајн-настава или учењето на нивните деца од далечина (број на прашања 7);
3) Прашања кои се однесуваат на ставовите и мислењата на родителите/старателите за методите и начините на организирање на образовниот процес на нивните деца за учебната 2020/2021 година (број на прашања 13) и

4) Демографски податоци за испитаниците (број на прашања 5).

Како што споменав и претходно, вака конципираниот прашалник даде соодветни информации и во однос на испитаниците (примерокот) и во однос на целите на истражувањето, но и овозможи информации со чие вкрстување се добија дополнителни квантитативни и квалитативни индикативни наоди, како додадена вредност на целото истражување. Истите се детално прикажани во Глава 2 од овој документ.

## 1.2. Втора фаза: *Дефинирање и утврдување на примерокот на истражувањето*

Дефинирањето и утврдувањето на примерокот на истражување се одвиваше низ четири потфази: утврдување на целна популација, рамка на примерок, примена на техника за формирање на примерок и утврдување на големина на примерокот.

### *1.2.1. Целна популација*

Првата потфаза во процесот на формирање на примерок е јасно дефинирање на *целната популација*. Главен критериум во однос на овој начин на формирање на примерокот е пристапот до популацијата која сакаме да ја анкетираме. Вид на испитаници кои се опфатени во истражувањето се полнолетни претставници (родители/старатели) на индивидуални домаќинства[4]. Според податоците од последниот попис, во СР Македонија има 564 237 индивидуални домаќинства[5]. Од нив се направи изборна рака на примерок - претставници на домаќинства со деца кои имаат пристап до интернет.

### *1.2.2. **Изборна рамка на примерокот***

[4] Според ДСЗ, за домаќинство се смета секоја семејна или друга заедница на лица кои ќе изјават дека заедно живеат и заеднички ги трошат своите приходи за подмирување на основните животни потреби (домување, исхрана и друго), без оглед дали сите членови постојано се наоѓаат во местото каде што е населено домаќинството или некои од нив престојуваат определено време во друго населено место, односно странска држава, заради работа, школување или од други причини.
[5] Државен завод за статистика, МакСтат База на податоци
http://www.stat.gov.mk/PoslednoObjavenoVoMakstat_mk.aspx

При онлајн-истражувањата главен критериум е пристапот на популацијата до интернет[6]. Според податоците од Државниот завод за статистика, во 2019 година, 81, 8 % од вкупниот број домаќинства со деца имаат пристап до интернет (в. Графикон бр.1). *Достапна популација* на истражувањето се претставници на домаќинства - родители/старатели на деца вклучени во основно и/или средно образование, кои имаат пристап до интернет и кои припаѓаат на домаќинства во овие 81, 8 % од целната популација.

*Извор: ДЗС, МакСтат База на податоци*

### *1.2.3. Примена на соодветна техника за формирање на примерок*

Со оглед на фактот што Истражувањето за ставовите и искуствата на родителите/старателите за методите на организирање на образовниот процес на децата за учебната 2020/2021 година е конципирано и спроведено како онлајн-истражување, т.е. онлајн-анкета, тоа ја „диктираше“ и техниката на составување на примерокот. Примерокот врз кој е спроведено истражувањето е формиран со техниката *Voluntary response sampling,* односно *„примерок формиран врз основа на*

[6] Доколку има пристап до интернет, се претпоставува дека домаќинството располага со одреден технички уред (смарт-телефон, таблет, лаптоп, персонален компјутер и сл.) на кој се користи интернет пристапот.

*доброволно учество“*. Примерокот се формира од лица кои доброволно се вклучуваат во истражувањето и одговараат на анкетата. Овие лица избираат да одговорат на истражувањето затоа што може да имаат особено силно мислење за темата и заради пристапот/можноста да учествуваат. При оваа техника, правилата на рандомизација се изменети и подразбираат:

- Сите испитаници од достапната популација да имаат подеднаква шанса да бидат вклучени при *сопствен избор*, а не при случаен избор во примерокот и
- Вклучувањето на секој поединечен случај во примерокот (т.е. на секој испитаник) да се спроведува независно од другите случаи.

### *1.2.4. Утврдување на големина на примерокот*

Големината на примерокот подразбира колку испитаници треба да опфати истиот за да биде репрезентативен, односно да ја отсликува популацијата која се истражува. По направената пресметка, со вкалкулирано ниво на доверба од 95 % и маргинална грешка од 3 %, примерокот во ова истражување е одреден на 1 000 испитаници, што е репрезентативна бројка и ја отсликува популацијата – родители/стратели на деца вклучени во образовниот процес и имаат пристап до интернет. Истражувањето се спроведе на 1 003 испитаници.

## 1.3. Трета фаза: *Имплементација на онлајн-анкета*

Оваа фаза од истражувањето всушност опфаќаше дизајн на онлајн-анкета во програмата Survey Monkey и споделување на пристапот (линкот) на истата со општата јавност, преку користење на социјалните мрежи (фејсбук-профили, фејсбук-групи на родители, Инстаграм, Линкедин), базите на податоци со контакти од релевантни чинители (институции и поединци). Се избра овој метод на дисеминација на пристапот поради фактот што кај целната популација во најголем дел користењето на интернет е за учество во социјалните мрежи (креирање кориснички профили, испраќање пораки или други прилози на Фејсбук, Твитер итн). Според податоците од ДЗС[7], на крајот од 2019 година процентот на популацијата која користела интернет за горенаведените цели, а е на возраст од 25 – 54 години, изнесува 80 %.

[7] Користење интернет, по пол и по возраст (во %), ДЗС, 2019 година http://www.stat.gov.mk/pdf/2019/8.1.19.32.pdf

Анкетата беше отворена, односно се имаше пристап до истата во период од 27.7.2020 до 3.8.2020 година. Во тој период успешно се одговорија 1 003 анкети и се добија податоци врз основа на парашлникот од 1 003 поединечни испитаници – родители/старатели на деца вклучени во образовниот процес, во основното и средното образование. Овие податоци се обработија, се анализираа и се толкуваа во наредната фаза од методолошкиот пристап на истражувањето.

## 1.4. Четврта фаза: *Обработка на податоците, анализа и толкување на резултатите од истражувањето*

Последната, четврта фаза од истражувањето, во себе ги содржеше следните активности:

### *1.4.1. Обработка на податоците од спроведеното истражување*

Активноста подразбираше:

– план и поставување основа за обработка на податоците, преку избор на соодветни статистички и компјутерски програми, како на пр., SPSS, Excel; изработка на база во која ги внесуваме податоците добиени од истражувањето, соодветно на категориите и поткатегориите направени во подготвителната фаза и соодветно на структурата на прашалникот;
– внесување на податоците добиени од одговорите на прашањата од истражувањето;
– вкрстување, табелирање и графичко прикажување на податоците, т.е. резултатите добиени како одговори на прашањата од истражувањето.

### *1.4.2. Анализа на податоците од спроведеното истражување*

Во рамките на оваа активност се направи:

– анализа на добиените резултати во претходната активност;
– толкување, компарирање и воопштување на податоците.

### *1.4.3. Завршна анализа (пишување извештај)*

Завршната фаза се состоеше од презентирање на резултатите и заклучоците од истражувањето во облик на извештај. Истите се детално прикажани во продолжение на документов.

Во текот на сите фази од истражувањето се запазија утврдениот и дефиниран пристап и методологија.

## 2. АНАЛИЗА И ИНДИКАТИВНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Анализата и индикативните наоди од истражувањето произлегоа од одговорите добиени на прашањата од структурираниот прашалник со прашања од затворен и отворен тип, за онлајн-анкетата „Истражување за ставовите и искуството на родителите/старателите за методите на организирање на образовниот процес на децата за учебната 2020/2021 година“, согласно утврдената методологија. Генерално, како што беше напоменато и претходно, прашањата во прашалникот беа групирани во четири тематски целини:

1) Прашања за општи податоци на испитаниците поврзани со бројот на деца, нивото на образование во кое се вклучени нивните деца и населеното место каде посетуваат настава (број на прашања 4);
2) Прашања кои се однесуваат на ставовите и искуствата на родителите/старателите од досегашната онлајн-настава или учењето на нивните деца од далечина (број на прашања 7);
3) Прашања кои се однесуваат на ставовите и мислењата на родителите/старателите за методите и начините на организирање на образовниот процес на нивните деца за учебната 2020/2021 година (број на прашања 13) и
4) Демографски податоци за испитаниците (број на прашања: 5).

Интерпретацијата, анализата, вкрстувањето и воопштувањето на резултатите се направи согласно оваа поделба на тематските целини утврдени во прашалникот. Во продолжение на овој дел од извештајот следи детална анализа на резултатите од истражувањето, добиени согласно наведените тематски целини, како и индикативните наоди од секоја тематска целина одделно.

## 2.1. Општи карактеристики на примерокот во истражувањето

Примерокот во „Истражување за ставовите и искуството на родителите/старателите за методите на организирање на образовниот процес на децата за учебната 2020/2021 година“ е репрезентативен, составен од 1 003 испитаници. Репрезентативниот примерок, врз основа на бараните општи карактеристики, може да го прикажеме на следниот начин:

- Приказ на испитаниците кои се родители/старатели на дете/деца според *нивото на образование* во кое е/се вклучено/и детето/децата:
  - испитаници кои се родители/старатели на дете/деца вклучено/и во основното образование;

  - испитаници кои се родители/старатели на дете/деца вклучено/и и во основното и во средното образование;
  - испитаници кои се родители/старатели на дете/деца вклучено/и во средното образование.
- Приказ на испитаниците кои се родители/старатели на дете/деца вклучено/и во основното и/или средното образование според *бројот на деца* кои ги имаат;
- Приказ на испитаниците кои се родители/старатели на дете/деца вклучено/и во основното и/или средното образование според *населеното место* во кое нивното/нивните дете/деца посетува/посетуваат настава во основно и/или средно образование.

Следи подетален преглед на примерокот и распределба на бројот на испитаниците, согласно наведените општи карактеристики.

### *2.1.1. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според НИВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ во кое е/се вклучено/и детето/децата*

Во однос на нивото на образование во кои е/се вклучено/вклучени нивното/ите дете/деца, испитаниците може да ги прикажеме во три групи: испитаници кои се родители/старатели на дете/деца вклучено/вклучени во основното образование; испитаници кои се родители/старатели на дете/деца вклучено/вклучени и во основното и во средното образование и испитаници кои се родители/старатели на дете/деца вклучено/вклучени во средното образование.

Според обработените податоци од добиените одговори на првите две прашања од прашалникот:

„Дали вашето/вашите дете/деца посетува/ат настава?

1. основно образование - број на деца ______________
2. средно образование - број на деца ____________

од добиените резултати, најголем дел од испитаниците се родители/старатели кои имаат дете или деца вклучено/вклучени во основното образование – 69, 3 % од испитаниците. Една петтина или 20, 8 % од испитаниците се родители/старатели на деца вклучени и во основното и во средното

образование, а преостанатите 9, 9 % се родители/старатели на дете/деца вклучено/вклучени во средно образование (в. Графикон бр.2)

Ова индикативно укажува на поголема мотивираност за вклучување во истражувањето на родителите/старателите на децата вклучени во основното образование, со претпоставка дека тоа се должи на поголемата зависност од грижа на овие деца и поголемата потреба од вклученост на родителите во совладувањето на училишниот материјал од страна на децата.

### *2.1.2. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според БРОЈОТ НА ДЕЦА КОИ ГИ ИМААТ*

Во истражувањето речиси половина од испитаниците се родители/старатели на едно дете – 49 %. Родители/старатели на две деца се 41 % од испитаниците, а од преостанатиот број на испитаници се родители/старатели на три деца – 7, 3 %, на четири деца 1, 9 % и 0, 9 % на 5 до 8 осум деца (в. Графикон бр. 3).

Од вкупниот број на испитаници, повеќе од половината или 56, 5 % имаат едно дете вклучено во основното образование, а 29, 4 % имаат две деца вклучени во основното образование (в. Графикон бр.4). Во однос на родителите/старателите кои имаат деца вклучени во средното образование, една четвртина или 25, 9 % од испитаниците имаат едно дете вклучено во средното образование, а само 4 % имаат две деца вклучени во средното образование. Во многу мал процент од 0, 6 % се јавуваат родители на три деца вклучени во средното образование (в. Графикон бр. 5).

### *2.1.3. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според НАСЕЛЕНОТО МЕСТО во кое нивното/нивните дете/деца посетува/ат настава во основно и/или средно образование*

Во истражувањето беа вклучени испитаници од речиси сите општини во земјата. Според добиените резултати, најголем дел од испитаниците или 84, 2 % имаат деца кои посетуваат училиште во урбани населени места, а 15, 8 % имаат деца кои посетуваат училиште во рурални населени места (в. Графикон бр.6).

## Индикативни наоди во однос на *општите карактеристики* на примерокот во истражувањето

- Повеќе од една третина од испитаниците во примерокот (69, 3 %) го сочинуваат родители/старатели на деца вклучени во основното образование. Ова индикативно укажува на поголема мотивираност за вклучување во истражувањето на родителите/старателите на децата вклучени во основното образование, со претпоставка дека тоа се должи на поголемата зависност од грижа на овие деца и поголемата потреба од вклученост на родителите во совладувањето на училишниот материјал од страна на децата.
- Речиси подеднаква е распределбата во примерокот на родители/старатели на деца вклучени и во основното (49, 0 %) и во средното образование (41, 1 %) со мала разлика од помалку од 8 % во корист на испитаниците кои се родители/старатели на деца вклучени во основното образование.
- Нешто над половината од испитаниците во примерокот (56, 5 %) го сочинуваат родители/старатели на едно дете вклучено во основното образование, додека тој процент е

речиси преполовен, т.е. изнесува 25, 9 % кај родителите/старателите кои имаат едно дете вклучено во средното образование.

- Помалку од една третина од испитаниците во примерокот (29, 4 %) го сочинуваат родители/старатели на две деца вклучени во основното образование, додека тој процент кај родителите/старателите кои имаат две деца вклучени во средното образование е значително многу помал – 4 %.
- Во примерокот се јавуваат родители/старатели на три деца вклучени во основното и/или средното образование во многу мал процент: 3, 5 % од примерокот се родители/старатели на три деца вклучени во основното образование, т.е. 0, 6 % на три деца во средно образование.
- Во најголем дел родителите/старателите имаат деца кои посетуваат настава во урбани населени места (84, 2 %). Наставата во рурални населени места ја посетуваат децата на 15, 8 % од испитаниците.

## 2.2. Демографски карактеристики на примерокот во истражувањето

Примерокот во „Истражување за ставовите и искуството на родителите/старателите за методите на организирање на образовниот процес на децата за учебната 2020/2021 година“ е репрезентативен, составен од 1 003 испитаници. Репрезентативниот примерок беше стратифициран според пет демографски карактеристики: пол, возраст, завршено образование, занимање и приходи во домаќинството. Следи подетален преглед на примерокот и распределбата на бројот на испитаниците, согласно наведените демографски карактеристики.

### *2.2.1. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според ПОЛОТ*

Оваа демографска карактеристика ни беше особено важна во однос на идентификување на наодот дали во однос на полот на родителите/старателите подеднаква е нивната вклученост во образовниот процес на нивните деца. Заклучувајќи според добиените резултати од истражувањето, доминантно поголем е бројот на испитанички (80 %) во однос на испитаници (20 %) вклучени во истражувањето (в. Графикон бр. 7).

Ова индикативно укажува на поголема мотивираност за вклучување во истражувањето на родителите/старателите на децата од женски пол, со претпоставка дека тоа се должи на обичајно воспоставената практика дека општата грижа и обврските околу одгледувањето и растењето на децата во домаќинствата се на женскиот родител/старател, вклучително и грижата за нивното воспитание и образование.

### 2.2.2. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според ВОЗРАСТА

Во однос на демографската карактеристика *возраст,* примерокот беше стратификуван во 9 возрасни групи; секоја возрасна група опфаќаше испитаници во опсег на возраст (од – до) од пет години, со исклучок на првата (до 25 години) и последната (61 и повеќе години) група.

Според финалните резултати, во рамките на истражувањето најголема дистрибуција од 31, 6 % имаше на бројот на испитаници на возраст од 36 − 40 години; по неа следи возрасната група 41 − 45 години со застапеност од 28, 5 %. Овие две групи вкупно „зафаќаат“ 60, 1 % од примерокот, што е и очекувано, бидејќи на таа возраст веројатноста е голема да има родители/старатели на деца вклучени и во основното и во средното образование.  Возрасната група 31 − 35 години е застапена со помалку од една петтина од примерокот – 18, 9 %. По неа следи возрасната група на испитаници од 46 − 50 години, со застапеност од 11, 7 %. Останатите возрасни групи се застапени со многу мал

процент: највисок е на онаа од 21 − 30 години – 4 %, а најнизок на возрасната група 56 − 60 години – 0, 6 % (в. Графикон бр. 8).

### *2.2.3. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според СТЕПЕНОТ НА ЗАВРШЕНО ОБРАЗОВАНИЕ*

Во рамките на демографската карактеристика *завршен степен на образование*, во примерокот на истражувањето најзастапени се испитаници со завршено високо образование – завршен прв циклус на студии (39, 8 %). По нив следат испитаници со средно завршено образование (29, 5 %). Во значителен процент се појавуваат и испитаници со звршен втор циклус − магистерски студии (16 %). Речиси подеднаква е дистрибуцијата на испитаници со завршено основно и вишо образование, т.е. 5, 2 % и 5, 7 %, соодветно. Испитаници со завршен трет циклус − докторски студии застапени се со 3, 9 % во примерокот.

### *2.2.4. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според ЗАНИМАЊЕТО*

Оваа демографска карактеристика ни е особено важна во однос на идентификување на наодите дали во однос на занимањето на родителите/старателите постои разлика во ставовите на родителите/старателите поврзани со искуствата од онлајн-наставата и очекувањата за начините на одвивање на наставата во учебната 2020/2021 година. Според добиените резултати, има речиси подеднаква дистрибуција, со разлика помала од 5% помеѓу испитаниците вработени во приватниот (37, 2 %) и во јавниот сектор (32, 4 %) (в. Графикон бр.10). Во примерокот застапени се и испитаници кои се невработени со 11 %.

### *2.2.5. Приказ на бројот на испитаници во истражувањето според ПРИХОДИТЕ ВО ДОМАЌИНСТВОТО*

Во однос на карактеристиката *приходи во домаќинството*, најзастапена е дистрибуцијата од 28, 8 % на испитаници кои во своите домаќинства имаат приходи од 35 001 – 60 000 мкд. По нив следат испитаници со 21, 6 % чии приходи во домаќинството се движат од 25 001 – 35 000 мкд; 18, 6 % од испитаниците имаат приходи во домаќинствата од 15 001 – 25 000 мкд, 16, 6 % имаат над 60 001 мкд, а 14, 3 % од испитаниците имаат приходи до 15 000 мкд во нивните домаќинства (в. Графикон бр. 10).

**Индикативни наоди во однос на *демографските карактеристики* на примерокот во истражувањето**

- Примерокот во истражувањето опфаќа доминантно поголем број на испитанички (80 %) во однос на испитаници (20 %) вклучени во истражувањето. Ова индикативно укажува на поголема мотивираност за вклучување во истражувањето на родителите/старателите на децата од женски пол, со претпоставка дека тоа се должи на обичајно воспоставената практика дека општата грижа и обврските околу одгледувањето и растењето на децата во домаќинствата е на женскиот родител/старател, вклучително и грижата за нивното воспитание и образование.

- Во примерокот на истражувањето најзастапени се испитаници со завршено високо образование – завршен прв циклус на студии (39, 8 %), потоа испитаници со средно завршено образование (29, 5 %)
- Во значителен процент се појавуваат и испитаници со завршен втор циклус – магистерски студии (16 %) и завршен трет циклус – докторски студии (3, 9 %).
- Во однос на возраста, најголема дистрибуција на испитаници од 31, 6 % има на испитаници на возраст од 36 – 40 години; по неа следи возрасната група 41 – 45 години со застапеност од 28, 5 %. Овие две групи вкупно „зафаќаат“ 60, 1 % од примерокот, што е и очекувано, бидејќи на таа возраст веројатноста е голема да има родители/старатели на деца вклучени и во основното и во средното образование.
- Демографската карактеристика *занимање* е особено важна во однос на идентификување на наодите дали во однос на занимањето на родителите/старателите постои разлика во ставовите на родителите/старателите поврзани со искуствата од онлајн-наставата и очекувањата за начините на одвивање на наставата во учебната 2020/2021 година. Според добиените резултати, има речиси подеднаква дистрибуција, со разлика помала од 5 % на испитаниците вработени во приватниот (37, 2 %) и во јавниот сектор (32, 4 %) (в. Графикон бр.10).
- Во примерокот застапени се и испитаници кои се невработени – 11 %.

## 2.3. Искуства и ставови на родителите/старателите од досегашната онлајн-настава или учењето на нивните деца од далечина

Во оваа тематска целина опфатени се прашањата со чии одговори се направи увид во ставовите на родителите/старателите формирани врз основа на досега поминатато искуство - и на нивните деца, но и нивно лично искуство - од методот на онлајн или учење од далечина во периодот на вонредна состојба, предизвикана од пандемијата на Ковид-19. Оваа тематска целина опфаќа седум прашања (в. Анекс 2 Прашалник за анкета; прашање 5,6,7,14,22,23 и 24). Во продолжение следи детален приказ на резултатите од одговорите на овој сет прашања.

### *2.3.1. Резултати за перцепциите и ставовите на родителите/старателите во однос на степенот на задоволување на потребите на учениците од досегашната онјалн или насатава од далечина*

Првото прашање од оваа тематска целина гласеше: *Дали сметате дека досегашната онлајн-настава ги задоволи потребите на учениците?*

☐ *да, во целост*

☐ *да, делумно*

☐ *не ,воопшто*

☐ *друго*

Од истото, според добиените одговори, произлегоа реузлтати кои покажуваат дека ставот и перцепциите на речиси половина или 47, 3 % од испитаниците е дека досегашната онлајн или наставата од далечина *делумно* ги задоволила потребите на учениците. За речиси приближно исто доста висок процент на испитаници – 43, 6 % овој метод на настава *воопшто не* ги задоволил потребите на учениците. За само 9, 2 % од испитаниците, онлајн-наставата, т.е. наставата од далечина *во целост* ги задоволила потребите на учениците (в. Графикон бр. 12).

Од резултатите добиени од вкрстување на податоците произлегоа два значајни индикативни наоди:

- дистрибуцијата на одговори во однос на задоволството на родителите/старателите на децата од онлајн-наставата е речиси рамномерна меѓу трите групи испитаници:

родители/старатели на деца во основно образование, родители/старатели на деца и во основно и во средно образование и родители/старатели на деца во средно образование (в. Графикон бр. 13). Индикативен е тука наодот дека родителите/старателите на децата вклучени во основното образование и родителите/старателите на децата вклучени во средното образование покажуваат речиси подеднакво исти ставови и перцепции за степенот до кој онлајн-наставата ги задоволи потребите на нивните деца (нема разлика во перципираниот „квалитет“ од страна на родителите/старателите, за онлајн-наставата во основното и во средното образование). Тоа значи дека генералните резултати се пресликуваат и во овој случај (в. Графикон бр. 12).

- Вкрстувајќи ги резулатите од одговорите на ова прашање со демографската карактеристика на испитаниците − *степен на завршено образование* се добија наоди кои покажуваат дека степенот на завршено образование не влијае на перцепциите и ставовите на родителите/старателите во однос на степенот на задоволување на потребите на учениците од досегашната онјалн или насатава од далечина. Тоа значи дека генералните резултати се пресликуваат и во овој случај (в. Графикон бр. 12).

Ова прашање имаше опција за одговор „друго“ како отворено прашање на кое секој од испитаниците можеше слободно да сподели свое мислење или да го надополни прашањето. 93, 7 % од испитаниците дале одговор на опцијата „друго“, а најчесто споменувани ставови и перцепции на родителите/старателите, во однос на ова прашање, се следните:

| ***Табела бр. 2***<br>**Квалитативен приказ на ставовите и перцепциите на родителите/старателите за задоволување на потребите на учениците од досегашната онлајн-настава** | |
|---|---|
| **Позитивни ставови и перцепции** | **Негативни ставови и перцепции** |
| • Онлајн-наставата е соодветно решение за децата да останат како-така вклучени во образованието.<br>• Извесно задоволство од начините на одвивање на онлајн-наставата, со оглед на целокупната општествена состојба.<br>• Видлив напор од страна на наставниците, особено во основното образование.<br>• Позитивно е перципирано користењето на Google Classroom. | • Концепирањето на онлајн-наставата како задавање на домашни задачи и тестови.<br>• Директниот контакт наставник – ученик не може да се замени со онлајн-настава.<br>• Онлајн-наставата нуди ограничена комуникација меѓу наставниците и учениците.<br>• Онлајн-наставата нуди ограничена комуникација меѓу родителите/старателите и наставниците. |

| | |
|---|---|
| • Онлајн-наставата во предметната настава (од 6. до 9. одделение) внесе новитет во учењето, како на пр., истражувачки елементи.<br>• Користење на интернетот за образовни цели, а не само за Фејсбук и Инстаграм. | • Перципирана е нецелосност и несоодветност во објаснувањето и предавањето на наставните содржини од страна на наставниците.<br>• Недоволна застапеност на предавања.<br>• Отсуство на соодветен повратен резултат.<br>• Отсуство на соодветна платформа, соодветна интернет конекција и унифициран пристап во оценувањето.<br>• Онлајн-наставата се покажа несоодветна за учење во средните стручни училишта.<br>• Родителите/старателите не можат да ја пренесат наставната содржина на своите деца на соодветен начин како наставниците.<br>• „Немавме онлајн-настава“ (овој одговор го дадоа 10-ина испитаници[8])<br>• Преангажираност на децата со наставни содржини и многу малку време за преостанати слободни активности. |

### *2.3.2. Резултати во однос на перцепциите и ставовите на родителите/старателите за појава на промени кај детето/децата поврзани со онлајн учењето*

Во рамки на оваа тематска целина поврзана со онлајн-наставата, поставивме прашање поврзано со перцепциите и ставовите на родителите/старателите за појава на евентуални промени кај нивните деца. Истото беше формулирано на следниот начин: *Дали забележувате некакви промени во однесувањето (позитивни и негативни, на пример, раздразливост, помала физичка активност, незаинтересираност за излегување надвор од дома, подобра организираност на времето, помагање во домашните работи, подолго седење пред компјутер, на интернет и игри итн.) на вашето дете поврзани со онлајн-наставата?*

[8] Во однос на овој став се јавува дилема: дали навистина немале онлајн-настава или онлајн-наставата која ја имале децата не е перципирана од страна на родителите/старателите како концепт на онлајн-настава (тие имаат поинаква претстава и став за тоа што претставува онлајн-наставата).

☐ *да, позитивни промени*
☐ *да, негативни промени*
☐ *не, нема промени*
☐ *друго*

Резултатите покажуваат дека високи 57, 6 % од испитаниците забележуваат негативни промени кај своите деца, речиси една третина или 31, 4 % не забележуваат никаква промена кај своите деца (ниту позитивна ниту негативна), а само 11 % од испитаниците изразиле перцепција и став дека забележуваат позитивни промени кај своите деца (в. Графикон 15).

Од резултатите добиени од вкрстувањето на податоците, произлезе значаен индикативен наод: дистрибуцијата на одговори во однос на перцепциите и ставовите на родителите за промени кај децата предизвикани од онлјан учењето во кореалција со нивното занимање е речиси иста со генералните резултати. Индикативен е тука наодот дека родителите/старателите на децата кои работат во приватен сектор и кои забележуваат негативни промени кај нивните деца се застапени со највисок процент од 65, 10 % од примерокот; по нив следат родителите/старателите вработени во јавниот сектор со 57, 9 %. Највисок процент на родители/старатели од 27, 8 % од испитаниците кои забележуваат позитивни промени кај своите деца се самовработени (в. Графикон бр. 16).

Уште еден индикативен наод е дека најголем е процентот на родители/старатели само на деца вклучени во средното образование (60%) кои забележуваат негативни промени кај своите деца; тој процент е 56, 9 % кај родителите/старателите само на деца вклучени во основното образование.

И ова прашање имаше опција за одговор „друго“ како отворено прашање на кое секој од испитаниците можеше слободно да сподели свое мислење или да го надополни прашањето. 92, 7 % од испитаниците дале одговор на опцијата „друго“, а најчесто споменувани ставови и перцепции на родителите/старателите во однос на ова прашање се следни:

| *Табела бр. 3*<br>**Квалитативен приказ на ставовите и перцепциите на родителите/старателите за забележаните промени кај нивните деца** | |
|---|---|
| **Позитивни промени** | **Негативни промени** |
| • Поголема одговорност и вклученост во домашните обврски | • Пореметен биоритам на децата<br>• Предолго седење пред компјутер |

| | |
|---|---|
| • Интензивирана комуникација со родителите/старателите (подобрување на семејните релации)<br>• Навики за поголема дисциплина и организација на времето<br>• Поголема посветеност кон личните интереси и хобија<br>• Учење на нови работи и развивање на нови вештини<br>• Поздрава исхрана<br>• Поголема физичка активност<br>• Развивање нови начини на учење во истражувачки проекти<br>• Повеќе читање книги<br>• Зголемена потреба за социјализација | • Развивање негативни особини и состојби како: напнатост, нервоза, депресија,осаменост, незаинтересираност и отуѓеност<br>• Мрзеливост и неодговорност кон училишните обврски<br>• Губење на осетот за училиштето како вредност – отуѓување од перцепцијата за тоа што значи училиштето<br>• Пообилна и нездрава исхрана<br>• Помала физичка активност<br>• Социјална изолираност<br>• Помала заинтересираност за дружење |

### *2.3.3. Резултати во однос на перцепциите и ставовите на родителите/старателите за придонесот на онлајн-наставата кон оценките и знаењата на децата*

Во рамките на тематската целина за ставовите и искуствата на испитаниците поврзани со онлајн-наставата, поставивме прашање за да дојдеме до ставовите и искуствата на родителите/старателите за придонесот на онлајн-наставата кон оценките и знаењата на нивните деца. Прашањето е следно: *Дали сметате дека онлајн-наставата придонела вашето дете да стекне:*

- ☐ *подобри оценки и знаења*
- ☐ полоши оценки и знаења
- ☐ *подобри оценки, но помалку знаења*
- ☐ *послаби оценки, но поголеми знаења*
- ☐ *друго*

Најголем дел од испитаниците или 58, 2 % сметаат дека нивните деца преку онлајн-наставата се стекнале со подобри оценки, но со помалку знаења. Речиси во подеднаков дел од 20, 1 %, т.е. 19, 9 % од испитаниците сметаат дека нивните деца се стекнале со подобри оценки и знаења, т.е. полоши оценки и знаења, соодветно. Многу низок процент од испитаниците – 1, 7 %

сметаат дека нивните деца преку онлајн-наставата се стекнале со послаби оценки, но со поголеми знаења (в. Графикон 17).

Корелацијата на одговорите на ова прашање со нивото на образование во кое се вклучени децата дава наоди кои покажуваат дека речиси подеднаква е распределбата на родители/старатели кои имаат деца во основното образование со родителите/старателите кои имаат деца и во основното и во средното образование и со родителите кои имаат деца само во средно образование, а кои имаат став дека нивните деца се стекнале со подобри оценки, но помалку знаења како последица на онлајн-наставата (в. Графикон бр. 18). Во однос на ставот дека децата се стекнале со полоши оценки и полоши знаења, процентот на родители/старатели на деца вклучени во средното образование кои искажале ваков став е 11, 1 %, додека тој процент кај родителите/старателите на деца во основното образование е речиси двојно поголем – 20, 6 %. 26, 3 % од родителите на деца вклучени во средното образование имаат став дека нивните деца преку онлајн-наставата се стекнале со подобри оценки и подобри знаења. Тој процент кај родителите на деца вклучени во основно образование изнесува 20, 3 % (в. Графикон бр.18)

И ова прашање имаше опција за одговор „друго“ како отворено прашање на кое секој од испитаниците можеше слободно да сподели свое мислење или да го надополни прашањето. 89, 8 % од испитаниците дале одговор на опцијата „друго“, а најчесто споменувани ставови и перцепции на родителите/старателите во однос на ова прашање се следни:

| ***Табела бр. 4*** **Квалитативен приказ на ставовите и перцепциите на родителите/старателите за влијанието на онлајн-наставата врз знаењата и оценките на децата (надополнувања на прашањето)** |
|---|
| • Онлајн-наставата обезбеди адаптабилност и дигитални вештини, а не знаење и оценки.<br>• Онлајн-наставата обезбеди совладување и унапредување на дигиталните вештини кај децата и кај дел од наставниците/професорите.<br>• Онлајн-наставата обебеди реални оценки и нови знаења.<br>• Онлајн-наставата без вклученоста на родителите во училишните задачи и обврски на децата немаше да даде никаков резултат ниту во знаењата, ниту во оценките.<br>• Физичкото присуство во училиштето ќе придонесе повеќе кон знаењето на децата. |

- Онлајн-наставата обезбеди помалку учење, помалку знаење и послаби оценки.
- Онлајн-наставата обезбеди поголема фокусираност на учениците кон наставните содржини (отсуствуваат врсниците да го одвлекуваат вниманието од учењето).
- Онлајн-наставата обезбеди и поттикна израз на други афинитети кај децата (преку проектни задачи) и за поголема слобода на изразување на децата.
- Онлајн-наставата нуди совладување само на содржини во учебниците.
- Онлајн-наставата ја истакна ангажираноста на наставниците – од тоа зависат оценките и знаењата, а не од типот на наставата.
- Онлајн-наставата овозможи „послаб“ ангажман на наставниците и професорите и „посилен“ ангажман на децата.
- Оценките и знаењата зависат од детето и неговиот/нејзиниот ангажман, а не од типот на наставата.
- Онлајн-наставата обезбеди совладување на училишниот материјал без брзање и стрес за децата.
- Онлајн-наставата е подобра настава за моето дете.
- „Немаше онлајн-настава“ (одговор на 10-ина испитаници).
- Онлајн-наставата обезбеди ангажман на родителите и ги стави во улога на наставници/професори.
- Онлајн-наставата не донесе никаква промена.
- Онлајн-наставата донесе поголем ангажман за децата, но и поттикна поголема одговорност.
- Онлајн-настават поттикна стагнација на знаењата кај децата.
- Онлајн-наставата тешко може да се одржи во долг рок.

### *2.3.4. Резултати во однос на просторни и други технички услови во домот за следење онлајн - настава*

Резултатите добиени од одговорот на прашањето: *Дали имате доволно просторни и други технички услови (интерент...) во домот за следење онлајн-настава и дали поседувате електронски уреди (лаптоп, телефон, таблет, камера, компјутер, телевизор...) за следење на наставата?*

- ☐ *да*
- ☐ *не*
- ☐ *делумно*
- ☐ *не знам*

покажуваат дека речиси две третини или 64, 3 % од испитаниците имаат соодветни просторни технички услови за следење на онлајн-настава; 28, 7 % од испитаниците се изјасниле дека *делумно* располагаат со соодветни просторни и технички услови за следење на онлајн-наставата, а 6, 4 % од испитаниците одговориле дена *не располагаат* со соодветни просторни и технички услови за следење на онлајн-настава (в. Графикон бр. 19)

Ова се очекувани резултати, имајќи ги во предвид резултатите добиени од демографските карактеристики на примерокот во однос на приходот, каде најголем процент на испитаници се изјасниле дека имаат месечни приходи од 35 001 – 60 000 мкд, а ниски приходи до 15 000 мкд се изјасниле дека имаат 14, 3 % (в. Графикон бр. 11).

### *2.3.5. Резултати во однос на искажаните предизвици на родителите/старателите при онлајн-наставата на нивните деца*

Прашањето кое се однесуваше на обезбедување одговори од испитаниците како родители/старатели за предизвиците со кои тие се соочиле при спроведувањето на онлајн-наставата на нивните деца беше од отворен тип и обезбеди резултати кои пред сè се предмет на

квалитативна анализа. Сепак, направивме извесно квантифицирање со групирање на дадените одговори во однос на содржината.

Приказот на резултатите следи во табела бр. 5 подолу и според нив најзастапени се предизвиците поврзани со: усогласување на домашните, работните обврски и учење со детето/децата; недостиг на време и технички и други аспекти во однос на онлајн-наставата (праќање на наставни содржини, праќање на завршените домашни, оценување и сл). За 10 % од родителите/старателите онлајн-наставата не поттикнала никаков предизвик.

***Табела бр. 5***
**Квалитативно-квантитативен приказ на искажаните предизвици на родителите/старателите со кои се соочиле при онлајн-наставата на нивните деца**

| **Група на предизвици** | **Диструбуција во примерокот** |
|---|---|
| Усогласување на домашните, работните обврски и учење со детето/децата – недостиг на време | 25% |
| Технички и други аспекти во однос на онлајн-наставата (праќање на наставни содржини, праќање на завршените домашни, оценување и сл.) | 20% |
| Обемот и содржината на наставниот материјал, помош и поддршка во завршувањето на домашните задачи | 15% |
| Одржување на концентрација и внимание кај децата (мотивирање, дисциплина, комуникација) | 15% |
| Ништо/нема предизвик | 10% |
| Осамостојување на детето/децата самостојно да ги извршува/ат училишните обврски (да се грижат за себе и да учествува/ат во извршување на домашните обврски) | 10% |
| Немаше онлајн-настава | 3 % |
| Друго (предизвици на родителите на деца со нетипичен развој) | 2% |

Во продолжение издвојуваме неколку одговори од испитаниците:

„Немање време да му го објасниме на детето целиот нов материјал.“

„Најголем предизвик беше да се организираме со часот на едукација бидејќи секој ден беше во различен час, со различни барања на наставниците, односно секој наставник си имаше своја платформа за работа со ученикот како и час според кој требаше да се водиме. Недостаток на предавања, ученикот беше оставен на родителот да го заменува со предавања и едукација.“

„Не беше посебно тешко. Децата беа оставени сами да ги учат новите лекции.“

„Мачење на децата. Како јас им ја предавам материјата, а тие треба да научат. А јас можеби и грешев.“

„Аман Меѓаши, немаше онлајн-настава!!!“

„Неможноста соодветно да се објасни одреден проблем, односно родителите не се наставници.“

„Немањето доволно опрема за следење онлајн.“

„Ништо, беше одлично и квалитетно поминато време со моите деца.“

### *2.3.6. Резултати во однос исказжаните предизвици со кои се соочиле родителите/старателите при онлајн-наставата на нивните деца*

Уште едно отворено прашање кое се однесуваше на перципираните предизвици со кои според родителите/старателите се соочиле децата при онлајн-наставата, обезбеди резултати кои пред сè се предмет на квалитативна анализа. По направеното извесно квантифицирање со групирање на дадените одговори во однос на содржината, ги добивме резултатите прикажани во Табела бр. 6. Од прикажаното најголеми предизвици со кои се соочиле децата се: адаптирање на новонастанатата состојба, примена на ИТ-алатки и нови програми во учењето и одржувањето концентрација, внимание, трпение, дисциплина и желба за учење. Иако во мал процент, како наод е важно да споменеме дека онлајн-наставата е перципирана како особен предизвик за децата со пречки во развојот.

***Табела бр. 6***
**Квалитативно-квантитативен приказ на искажаните предизвици на родителите/старателите со кои се соочиле нивните деца при онлајн-настава**

| Група на предизвици | Диструбуција во примерокот |
|---|---|
| Примена на ИТ-алатки/нови програми/интернет | 24, 20 % |

| | |
|---|---|
| Адаптирање на новонастанатата состојба | 27% |
| Одржување концентрација, внимание, трпение, дисциплина и желба за учење кај децата | 23, 10 % |
| Организирање на времето како наставен час | 12, 90 % |
| Содржините на наставниот материјал/објаснување на наставниот материјал | 7, 20 % |
| Ништо | 4, 30 % |
| Спроведување на учење од далечина за деца со атипичен развој | 1, 60 % |

Во продолжение издвојуваме неколку одговори од испитаниците

„Адаптирањето на начинот на настава.“

„ Да го задржи вниманието.“

„ Одржување на концентрацијата и желбата за учење.“

„ Да научи да го користи мобилниот телефон и лаптопот поконструктивно.“

„ Да се снајде со звукот и сликата при вклучување на камерата.“

„Не знаење ИТ и честиот прекин на конекцијата.“

„Немаше потешкотии.“

„ Срамежливост да зборува преку Zoom.“

„ Детето со атипичен развој не можеше да следи самостојно онлајн-настава, немаше доволно материјали и амгажман од наставникот.“

### *2.3.7. Резултати во однос на три најважни работи поврзани со физичкото присуство во училиштата, кои им недостигаа на децата за време на онлајн-наставата март/јуни 2020 год.*

Квалитативната и квантитативната анализа на резултатите добиени од 1 003 описни одговори на ова прашање покажаа дека според испитаниците, најважни три работи кои им недостасуваа на децата за време на онлајн-наставата, поврзани со физичкото присуство во училиштето се:

1) социјализацијата, дружењето со врсници поврзани со правилниот развој на децата (воспитниот аспект на училиштето);
2) сите сегменти на наставата со физичко присуство (наставниците, предавањата, училишните часови, работната атмосфера, контактот и комуникацијата наставник-ученик, ученик-ученик) и
3) квалитетно образование и стекнување на соодветни знаења (образовниот аспект на училиштето).

Во продолжение издвојуваме неколку одговори од испитаниците

- „Другарување.“
- „ Немање час со наставничките.“
- „ Квалитетна настава.“
- „ Социјализација.“
- „ Односот наставник – дете.“
- „Авторитет од наставник, директор, возрасен.“
- „ На моето дете му е потребен физички контакт и насочување.“

## Индикативни наоди во однос на искуствата и ставовите на родителите/старателите од *досегашната онлајн-настава* или *учењето на нивните деца од далечина*

- Ставот и перцепциите на речиси половина (47, 3 % ) од испитаниците е дека досегашната онлајн или наставата од далечина *делумно ги задоволила потребите на учениците*.
- За доста висок процент на испитаници – 43, 6 %, овој метод на настава *воопшто не ги задоволил потребите на учениците*. За само 9, 2 % од испитаниците, онлајн т.е. наставата од далечина *во целост ги задоволила потребите на учениците.*
- Родителите/старателите на децата вклучени во основното образование и родителите/старателите на децата вклучени во средното образование покажуваат речиси поеднакво исти ставови и перцепции за степенот до кој онлајн-наставата ги задоволи потребите на нивните деца (нема разлика во перципираниот „квалитет“ од страна на

родителите/старателите, за онлајн-наставата во основното и во средното образование). Тоа значи дека генералните резултати се пресликуваат и во овој случај.

- Степенот на завршено образование на родителите/старателите не влијае на нивните перцепции и ставови  во однос на степенот на задоволување на потребите на учениците од досегашната онјалн или насатава од далечина. Тоа значи дека генералните резултати се пресликуваат и во овој случај.
- Високи 57, 6 % од испитаниците забележуваат негативни промени кај своите деца како последица од онлјан наставата; речиси една третина или 31, 4 % не забележуваат никаква промена кај своите деца (ниту позитивна ниту негативна), а само 11 % од испитаниците изразиле перцепција и став дека забележуваат позитивни промени кај своите деца.
- Родителите/старателите на децата кои работат во приватен сектор и кои забележуваат негативни промени кај нивните деца се застапени со највисок процент од 65, 10 % во примерокот; по нив следат родителите/старателите вработени во јавниот сектор со 57, 9 %.
- Највисок процент на родители/старатели од 27, 8 % од испитаниците кои забележуваат позитивни промени кај своите деца се самовработени.
- Најголем е процентот на родители/старатели само на деца вклучени во средното образование (60 %) кои забележуваат негативни промени кај своите деца; тој процент е 56, 9 % кај родителите/старателите само на деца вклучени во основното образование.
- Најголем дел од испитаниците или 58, 2 % сметаат дека нивните деца преку онлајн-наставата се стекнале со подобри оценки, но со помалку знаења.
- Речиси во подеднаков дел од 20, 1 %, т.е. 19, 9 % од испитаниците сметаат дека нивните деца се стекнале со подобри оценки и знаења, т.е. полоши оценки и знаења, соодветно.
- Многу низок процент од испитаниците - 1, 7 % сметаат дека нивните деца преку онлајн-наставата се стекнале со послаби оценки, но со поголеми знаења.
- Речиси подеднаква е распределбата на родителите/старателите кои имаат деца во основно образование со родителите/старателите кои имаат деца и во основно и во средно образование и со родителите кои имаат деца само во средно образование, а кои имаат став дека нивните деца се стекнале со подобри оценки, но помалку знаења како последица на онлајн-наставата (в. Графикон бр. 18).

- Во однос на ставот дека децата се стекнале со полоши оценки и полоши знаења, процентот на родители/старатели на деца вклучени во средното образование кои искажале ваков став е 11, 1 %, додека тој процент кај родителите/старателите на деца во основното образование е речиси двојно поголем – 20, 6 %.
- 26, 3 % од родителите на деца вклучени во средното образование имаат став дека нивните деца преку онлајн-наставата се стекнале со подобри оценки и подобри знаења. Тој процент кај родителите на деца вклучени во основното образование изнесува 20, 3 %.
- Речиси две третини или 64, 3 % од испитаниците имаат соодветни просторни и технички услови за следење онлајн-настава; 28 , 7% од испитаниците се изјасниле дека делумно располагаат со соодветни просторни и технички услови за следење на онлајн-наставата.
- 6, 4 % од испитаниците одговориле дена не располагаат со соодветни просторни и технички услови за следење онлајн-настава.
- Кај родителите/старателите во однос на онлајн-наставата најзастапени се предизвиците поврзани со: усогласување на домашните, работните обврски и учење со детето/децата и недостиг на време и технички и други аспекти во однос на онлајн-наставата (праќање на наставни содржини, праќање на завршените домашни, оценување и сл).
- За 10 % од родителите/старателите онлајн-наставата не поттикнала никаков предизвик.
- Најголеми предизвици со кои се соочиле децата се: адаптирање на новонастанатата состојба, примена на ИТ-алатки и нови програми во учењето и одржувањето концентрација, внимание, трпение, дисциплина и желба за учење.
- Иако во мал процент, како наод е важно да споменеме дека онлајн-наставата е перципирана како особен предизвик за децата со пречки во развојот.
- Најважни три работи кои им недостасуваа на децата за време на онлајн-наставата, поврзани со физичкото присуство во училиштето, а се перципирани од речиси сите испитаници се:
  - социјализацијата, дружењето со врсници поврзани со правилниот развој на децата (воспитниот аспект на училиштето);
  - сите сегменти на наставата со физичко присуство (наставниците, предавањата, училишните часови, работната атмосфера, контактот и комуникацијата наставник-ученик, ученик-ученик) и

– квалитетно образование и стекнување соодветни знаења (образовниот аспект на училиштето).

## 2.4. Ставови и мислења на родителите/старателите за методите и начините на организирање на образовниот процес на нивните деца за учебната 2020/2021 година

Последната тематска целина на истражувањето опфати прашања чии одговори дадоа увид во ставовите и мислењата, но и очекувањата на родителите/старателите за методите и начините на организирање на образовниот процес на децата за учебната 2020/2021 година, во услови на пандемија на Ковид-19. Оваа тематска целина опфати најголем број прашања (в. Анекс 2 „Прашалник за анкета“; Прашање 8, 9, 10, 11, 12, 13, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21 и 22). Во продолжение следи детален приказ на резултатите од одговорите на овој сет прашања.

### *2.4.1. Резултати во однос на искажаните ставови на родителите/старателите за условите под кои би се сложиле да се одвива наставата со физичко присутсво на нивните деца*

Тематската целина започна со отворено прашање: *Под какви услови би се сложиле вашето дете ученик да оди во училиште од септември 2020 г.? Ве молиме, наведете ги условите што вам ви се најважни,* во кое секој испитаник слободно можеше да го изрази своето мислење во однос на истото. На прашањето одговори дадоа сите 1 003 испитаници.

Прашањето кое се однесуваше на обезбедување одговори од испитаниците како родители/старатели за условите под кои би се сложиле нивното/нивните дете/деца да се врати/вратат во училишните клупи од септември 2020 е од отворен тип и обезбеди резултати кои пред сè се предмет на квалитативна анализа. По направено квантифицирање со групирање на дадените одговори во однос на содржината, се добија следните резултати: најважно на родителите им е здравјето и безбедноста на децата (ги истакнале 26 % од испитаниците), понатаму, хигиената и дезинфекцијата на училишните простории (за 23, 4 % од испитаниците) и помал број на ученици во една просторија и држење дистанца/мерки за заштита (22, 3 % од испитаниците).

Приказот на резултатите следи во Табела бр. 7, подолу.

| ***Табела бр. 7*** **Квалитативно-квантитативен приказ на искажаните услови на родителите/старателите под кои би дозволиле нивните деца да се вратат во училишните клупи** | |
|---|---|
| **Група на услови** | **Диструбуција во примерокот** |
| Здравјето, заштитата и безбедноста на децата | 26 % |
| Хигиена и дезинфекција на училишните простории | 23, 4 % |
| Помал број ученици во една просторија и држење дистанца/мерки на заштита | 22, 3 % |
| Онлајн-настава | 10, 3 % |
| Комбинирана настава со скратени часови | 9, 2 % |
| Одење на учениците на настава во смени | 6, 3 % |
| Друго | 2, 5 % |

Во продолжение издвојуваме неколку одговори од испитаниците:

*„Поголема хигиена, скратени часови само со предавања.“*

*„Училницата/училиштето да биде безбедно, редовна дезинфекција и мерење температура наутро на сите деца и цел персонал.“*

*„Во три смени по десет деца максимум на час и со физичка дистанца од два метри со траење на часот од 30 минути.“*

*„Да оди во училиште, да се почитуваат правилата од Министерството. И задолжително децата да одат здрави на училиште. Ако имаме било какво сомневање во нивната здравствена состојба, да седат дома, а не да ги мешаме со останатите деца.“*

*„Доколку сѐ уште наставата се одвива онлајн, најголемиот услов е поголема заинтересираност од страна на професорите.“*

*„Доколку може да се обезбеди физичка дистанца.“*

*„Онлајн-настава, сѐ додека не се исполнат сите услови.“*

### *2.4.2. Резултати во однос на искажаните ставови на родителите/старателите за условите со кои би се чувствувале најсигурни дека нивното дете нема да биде изложено на опасност од зараза*

Ставовите на родителите/старателите во однос на условите кои би биле најприфатливи за нив во однос на сигурноста на нивните деца при изложеност на опасност на зараза ги испитавме преку формулирано прашање кое е конципирано во форма на четиристепено рангирање на условите од најбезбедни до најмалку безбедни (в. Анекс 2, Прашалник за анкета, прашање број 9).

Како најбезбеден услов е рангиран „*Онлајн - настава, доколку Владата забрани одржување настава во училиштата поради зголемен број на заразени*“ од страна на половина или 50, 8 % од испитаниците, а најмалку безбедни означени се опциите под „друго“ кои понатаму ќе ги разгледаме. „*Комбинирана настава од онлајн - настава и настава во училиште со намален број присутни ученици и со сите запазени протоколи за безбедност во училиштата*“ е најчесто второрангиран услов и тоа од 44, 7 % од испитаниците, а најчесто како треторангиран услов е условот „*настава во училиште за сите деца распределени во помали групи, кои ќе одат во смени со сите запазени протоколи за безбедност во училиштата*“ и тоа од 35, 3 % од испитаниците (в. Графикон бр.20).

И ова прашање имаше опција за одговор „друго“ како отворено прашање на кое секој од испитаниците можеше слободно да сподели свое мислење или да го надополни прашањето. Најчесто споменувани ставови и  перцепции на родителите/старателите се истите оние кои се наведени и во претходното прашање (в. Табела бр.7 и 8).

| *Табела бр. 8*<br>**Квалитативен приказ на условите под кои родителите/стсрателите би се чувствувале најсигурни дека нивните деца нема да бидат изложени на опасност од зараза (надополнувања на прашањето)** |
|---|
| • Здравјето, заштитата и безбедноста на децата<br>• Хигиена и дезинфекција на училишните простории<br>• Помал број на ученици во една просторија и држење дистанца од 2 м/мерки за заштита |

- Онлајн-настава.
- Комбинирана настава со скратени часови.
- Одење на учениците на настава во смени.
- Друго: психичкото и физичкото здравје, платено отсуство за еден од родителите, намален број на заразени, безбеден превоз до училиштата.

### 2.4.3. Резултати во однос на искажаните ставови на родителите/старателите за методот на комбинирана настава за нивните деца

Од одговорите на прашањето: *Доколку има можност дали сте за паралелен пристап (комбинирана настава со физичко присуство и онлајн-настава) кој би ви овозможил како родител/старател да изберете дали детето ќе учи физички присутно во училиштето или онлајн?*

- ☐ *да*
- ☐ *не*
- ☐ *друго*

Добиените резултати покажуваат дека повеќе од две третини од родителите/старателите (68, 7 % од испитаниците) прифаќаат, т.е. би избрале паралелен пристап - комбинирана настава со физичко присуство и онлајн-настава, а речиси една третина или 31, 3 % не би го избрале овој метод како опција за учење на нивните деца (в. Графикон бр.21).

Прашањето имаше опција за одговор „друго“ како отворено прашање на кое секој од испитаниците можеше слободно да сподели свое мислење или да го надополни прашањето. Оваа опција ја одговориле само 16 % од испитаниците и дале одговор на опцијата „друго“, а најчесто споменувани ставови на родителите/старателите во однос на ова прашање се следни:

| ***Табела бр. 9***<br>**Квалитативен приказ на ставовите на родителите/старателите во однос на комбинираниот пристап на настава (надополнувања на прашањето)** |
|---|
| • Само онлајн-настава.<br>• Никако онлајн-настава.<br>• Безбедност при превоз до училиштето.<br>• Настава со физичко присуство само ако има мал број на заразени.<br>• Никако настава со физичко присуство, ако има голем број на заразени. |

Резултатите од одговорите на прашањето во корелација со резултатите од демографската карактеристика на примерокот *занимање* даде индикативни наоди дека независно од занимањето на родителите/старателите, особено независно од тоа дали се вработени во приватен или јавен сектор или пак се невработени, најмалку две третини од испитаниците од речиси сите занимања би избрале комбиниран пристап во наставата на нивните деца (в. Графикон бр. 22).

### *2.4.4. Резултати во однос на искажаните ставови на родителите/старателите за потпишување согласност за физичко присуство во училиште на навните деца*

Испитаницие имаа можност да искажат свој став дали би потпишале согласност нивното/нивните дете/деца да има/ат можност да оди/одат на училиште под услови: МОН да предложи децата да одат во училиште со подобрување на условите на хигиена во училиштето, почитување на препораките од Владата и Комисијата за заразни болести и редуциран број ученици во училница со најмалку 2 метри оддалеченост. Според дадените одговори, нешто повеќе од една половина од испитаниците (52, 4 %) би потпишале согласност нивното/нивните дете/деца да оди/одат на училише секој ден. Повеќе од една четвртина или 26, 9 % од испитаниците не би потпишале согласност нивните деца да одат на училиште сè додека трае епидемијата на Ковид-19, а една петтина или 20, 6 % би потпишале согласност нивните деца да следат комбинирана настава, со физичко присуство во училиштата секој втор ден, а останатиот дел од наставата да биде онлајн (в. Графикон бр.23).

Прашањето имаше опција за одговор „друго“ како отворено прашање на кое секој од испитаниците можеше слободно да сподели свое мислење или да го надополни прашањето. Оваа опција ја одговориле само 11, 4 % од испитаниците и дале одговор на опцијата „друго“, а најчесто споменувани ставови на родителите/старателите во однос на ова прашање се следните:

| *Табела бр. 10* **Квалитативен приказ на ставовите на родителите/старателите во однос на потпишување на согласност за физичко присуство на нивните деца во училиштата (надополнувања на прашањето)** |
|---|
| • Комбиниран пристап со менување на две недели, не на два дена.<br>• Само еден ден во неделата да се оди на училиште.<br>• Никако користење маски; тоа ќе ја влоши здравствената состојба на децата.<br>• Носење маски – незадолжително, по сопствен избор или на одмори.<br>• Подобрување на хигиената во училиштата.<br>• Во општината има многу заразени – не доаѓа предвид одење на училиште.<br>• Никогаш нема да се создадат соодветни услови со задоволително ниво на хигиена и безбедност на децата. |

Резултатите од одговорите на прашањето во корелација со резултатите од демографската карактеристика на примерокот *занимање* даде индикативни наоди кои укажуваат на повисок степен на согласност за потпишување согласност за секојдневно присуство на нивните деца на настава во училиштата, на родителите/старателите кои се невработени (56, 3) и вработени во приватниот сектор (56 %). Ваква согласност би потпишале 44, 40 %, т.е. 44, 30 % од родителите/старателите кои се самовработени, т.е. вработени во јавен сектор, соодветно. Не би потпишале согласност и не би дозволиле нивните деца да одат на училиште 40, 7 % од самовработените старатели/родители, 30, 2 % од испитаниците кои се вработени во јавниот сектор и 26 % од родителите/старателите кои се вработени во приватниот сектор (в. Графикон бр. 24).

### *2.4.5. Резултати во однос на искажаните предлози на родителите/старателите за организирање на наставата од септември, 2020*

Со оглед на фактот што прашањето за изразување на предлози од страна на испитаниците за тоа како треба да биде организирана наставата од септември 2020 година, генерално предлозите можеме да ги групираме според моменталните предлози кои циркулираат во јавноста овој период: предлози само за онлајн-настава, предлози за комбинирана настава, предлози за редовна настава со физичко присуство во училиштата. Доминираат предлози за онлајн и комбинирина настава, додека многу помалку застапени се предлози само за редовна настава со физичко присуство во

училиштата. Во табела бр. 11 прикажани се предлозите од родителите/старателите, групирани во овие три категории:

***Табела бр. 11***
**Квалитативен приказ на предлозите на родителите/старателите за организирање на наставата од септември за да може сите деца рамноправно да учествуваат во образовниот процес**

| | |
|---|---|
| Онлајн-настава | • Во овие услови само онлајн-настава.<br>• Онлајн-настава со секојдневни зум-состаноци. Секој ден предавање, па потоа задачи. Да имаат децата континуитет.<br>• Онлајн-настава само за хронично болни со потврда од доктор.<br>• Изнаоѓање начин за безбедна онлајн-настава за сите ученици.<br>• Наставата да продолжи да биде онлајн. |
| Комбиниран метод на настава | • Седење по едно дете во клупа и избегнување на собирања помеѓу часовите за полесно одржување физичка дистанца.<br>• Комбинирана настава, скратени часови во кои се вклучени само предавања, помал број ученици во училниците, онлајн-проекти и тестови како и изготвени платформи за следење на наставата, поголема хигиена и почитување на мерките и протоколите.<br>• Скратена комбинирана.<br>• Посета на настава во училиштата поради: социјализација, подобра настава, ослободување на родителите од работа како наставници, постабилен развој на децата како личности, подобар и пореален успех.<br>• Комбинирана настава со онлајн и физичко присуство на децата. Да се обезбеди онлајн-настава за деца кои живеат во заедница со хронично болна личност или физичко присуство за деца кои немаат пристап до интернет или техничка можност за учење онлајн.<br>• Во првото полугодие наставата да се одвива онлајн, а за второ полугодие да се разгледа можноста за комбинирана настава. |
| Настава со физичко присуство во училиштата | • Настава со редуциран број ученици и носење маски, поголема хигиена.<br>• Задолжителна настава со физичко присуство на децата од 1 - 3 одделение, за останатите комбинирана.<br>• Организиран превоз на децата, како би можеле родителите да работат од дома, посебно ако немаме потврда.<br>• Септември и октомври учење надвор во двор.<br>• Две групи со скратена настава секој ден. |

### *2.4.6. Резултати во однос на можностите на родителите/старателите да им помогнат на децата во совладувањето на наставните содржини*

Во однос на можностите да им помогнат на своите деца во совладувањето на наставните содржини, половина од испитаниците (49, 9 %) се произнеле дека *делумно* имаат време и можност да им помогнат на своите деца во совладување на наставните содржини. Една третина од испитаниците (33 %) се изјасниле дека имаат време и можност да им помогнат на своите деца во совладувањето на наставните содржини. Од вкупниот број испитаници, 16, 7 % се произнеле дека *не можат,* т.е. немаат време и можност да им помогнат на своите деца во совладувањето на наставните содржини (в. Графикон бр. 25)

### *2.4.7. Резултати во однос на можностите на родителите/старателите да им помогнат на децата во совладување на наставните содржини*

Испитаниците имаа можност да искажат свој став, преку избор на понудени опции (најмалку една, а најмногу осум, со што осмата е отворена опција) кои би придонеле да се чувствуваат побезбедно во врска со здравјето на нивните деца. Понудени беа следните опции:

1) Секој родител/старател на дневна основа да ја следи здравствената состојба на своето/своите дете/деца и за секоја промена веднаш да го извести училиштето;
2) Секое дете да биде оддалечено најмалку 2 метри и во зависност од училницата да се утврди максималниот број ученици;
3) Постојано да има здравствен работник во училиштето;
4) Часовите да траат покусо, најмногу 30 минути;
5) За време на одморите и на часовите по физичко образование децата да бидат организирани во контролирани физички активности, без близок контакт;
6) Во секоја училница да има средство за дезинфекција и наставниците да бараат од децата пред секој час да ги дезинфицираат рацете;
7) Често да се разговара со децата за важноста на хигиената како превентивна мерка и како тоа да го прават во училиште;
8) Друго, ве молиме, наведете.

Сите понудени покажуваат голема фреквенција на избор од страна на испитаниците, како опции кои придонесуваат кон чувство на безбедност во врска со здравјето на децата (в. Графикон бр. 28). Мнозинството испитаници ги избираа сите понудени опции. Од понудените опции, најчесто одбирана е опцијата *„Во секоја училница да има средство за дезинфекција и наставниците да бараат од децата пред секој час да ги дезинфицираат рацете“*; истата ја сметаа за опција која нуди безбедност за децата на 81, 8 % од испитаниците. Речиси подеднаков е процентот на испитаници кои ги избрале следните две опции како опции кои нудат безбедност за децата:

| | |
|---|---|
| • Секој родител/старател на дневна основа да ја следи здравствената состојба на своето/своите дете/деца и за секоја промена веднаш да го извести училиштето. | 75, 1 % |
| • Често да се разговара со децата за важноста на хигиената како превентивна мерка и како тоа да го прават во училиште. | 74 % |

Најретко одбирана опција која нуди безбедност е *„Постојано да има здравствен работник во училиштето“* која ја одбрале нешто повеќе од половината или 51, 5 % од испитаниците.

Прашањето имаше опција за одговор „друго“ како отворено прашање на кое секој од испитаниците можеше слободно да сподели свое мислење или да го надополни прашањето. Оваа опција ја одговориле една петтина или 20, 4 % од испитаниците, а најчесто споменувани ставови на родителите/старателите во однос на ова прашање се следните:

| *Табела бр. 12*<br>**Квалитативен приказ на ставовите на родителите/старателите во однос на опции кои нудат безбедност за здравјето на децата (надополнувања на прашањето)** |
|---|
| • Не постојат безбедни опции.<br>• Само онлајн-настава!<br>• Децата не можат доследно да почитуваат препораки за заштита.<br>• Едукација на родителите.<br>• Училиштата немаат можност за спроведување на ниту една од овие опции. Училиштата не се здравствено безбедни за децата.<br>• Родителот треба да носи одлука, да направи избор на опција за своето дете.<br>• Државата и училиштата треба да престанат да се мешаат во здравјето на децата.<br>• Здрава храна, витамини, зајакнување на имунитетот на децата, спортување и рекреација.<br>• Да не се јаде на училиште.<br>• Скратени часови - скратен престој на училиште.<br>• Да се оставаат децата да бидат слободни и неоптеретени од случувањата со Ковид-19. |

## *2.4.8. Резултати во однос на искажаните грижи на родителите/старателите доколку се започне со физичко одење на училиште*

Во рамки на оваа тематска целина од истражувањето се постави прашањето: *Ве молиме, оцените што најмногу ве загрижува доколку се започне со физичко одење во училиште? (1 за најмалку, 6 за најмногу)*

- ☐ *соодветно дезинфицирање на просториите*
- ☐ *неинформирање за здравствената состојба на своето дете/деца од страна на нивните родители/старатели*
- ☐ *почитување на мерките од страна на децата (одржување дистанца, дезинфекција на рацете итн.)*
- ☐ *почитување на мерките од страна на возрасните (носење маска, одржување дистанца, дезинфекција на рацете итн.)*
- ☐ *несоодветен број деца во една училница*
- ☐ *опасности на патот до училиште и враќање дома (автобус, дружење после часовите и сл.)*
- ☐ *друго (наведете што)*

| *Табела бр. 13*<br>**Приказ на рангираните опции коишто најмногу ги загрижуваат испитаниците доколку се започне со физичко одење во училиште (%)** |
|---|

| | Ранг 1 (најмалку ме загрижува) | Ранг 2 | Ранг 3 | Ранг 4 | Ранг 5 | Ранг 6 (најмногу ме загрижува) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Соодветно дезинфицирање на просториите | 33, 5 % | 15, 8 % | 13 % | 13 % | 11, 2 % | 13, 7 % |
| Неинформирање за здравствената состојба на своето/своите дете/деца од страна на нивните родители/старатели | 16,7 % | 26, 3 % | 17, 3 % | 13, 9 % | 14 % | 11, 8 % |
| Почитување на мерките од страна на децата (одржување дистанца, дезинфекција на рацете итн.) | 12, 6 % | 18, 2 % | 22, 2 % | 1, 9 % | 14 % | 14, 1 % |
| Почитување  на мерките од страна на возрасните (носење маска, одржување дистанца, дезинфекција на рацете итн.) | 9, 9 % | 16, 9 % | 21, 9 % | 25 % | 18 % | 8, 2 % |
| Ннесоодветен број деца во една училница | 7,1 % | 13 % | 16 % | 20, 6 % | 30, 7 % | 12, 7 % |
| Опасности на патот до училиште и враќање дома (автобус, дружење после часовите и сл.) | 20, 2 % | 9, 8 % | 9, 6 % | 8, 6 % | 12, 2 % | 39, 7 % |

Најголема загриженост покажуваат 39, 7 % од испитаниците за опасности на патот до училиште и враќање дома (автобус,  дружење после часовите и сл.) доколку се започне со физичко одење на училиште. Голема загриженост за 30, 7 % од испитаниците предизивикува и несоодветен број деца во една училница. Најмала загриженост покажуваат 33, 5 % од испитаниците во врска со соодветното дезинфицирање на просториите (в. Табела бр.13).

Сите испитаници дале одговор, т.е. го надополниле ова прашање со свои ставови и размислувања во контекст на нивната загриженост поврзана со физичкото присуство на нивните деца во училштата.

| ***Табела бр. 14***<br>**Квалитативен приказ на ставовите на родителите/старателите во однос на нивната загриженост поврзана со физичкото присуство во училиштата (надополнувања на прашањето)** |
| --- |
| • Нема да се почитуваат мерките и протоколите за безбедност.<br>• Сè ме загрижува – и епидемијата, и подготвеноста на наставниците, и безбедноста на здравјето на децата.<br>• Во училиштата нема услови да се обезбеди соодветно ниво на хигиена.<br>• Ме загрижува безбедноста и хигиената на храната која ќе ја јадат децата на училиште.<br>• Нема да се пријавуваат болни деца; ќе се носат болни деца на училиште поради несовесно однесување на некои родители.<br>• Згрижување на децата во случај на скратена настава (родителите се на работа).<br>• Ништо не ме загрижува.<br>• Одвивањето на наставата со дневен престој.<br>• Безбедноста на здравјето.<br>• Вонучилишните дружења на децата.<br>• Годишниот период кој претстои – затворање во простории, помалку време поминување надвор, сезонскиот грип.<br>• Број на заразени и починати од Ковид-19.<br>• Носењето маски – безбедност или опасност за здравјето.<br>• Брзо ширење на заразата.<br>• Отсуството на наставниците заради болест.<br>• Кембриџ системот.<br>• Квалитетот на образованието.<br>• Незнаењето кое ќе го стекнат децата. |

### *2.4.9. Резултати во однос на ставот на родителите/старателите за физичко присуство на децата во училиште и бројот на активни случаи на инфицирани со Ковид-19*

Резултатите од одговорот на прашањето за изнесување на ставот на испитаниците во кој случај, односно во случај на колкав број на активни случаи би дозволиле нивните деца да посетуваат настава со физичко присуство во училиштата, покажаа дека испитаниците немаат јасно изграден

став за ова прашање. Па така, речиси една петтина или 19, 7 % од испитаниците воопшто не знаат во кој случај би ги пуштиле своите деца на училиште. Поради нискиот процент на одговори, дистрибуирани по сите понудени опции, не може да се издвои друг индикативен наод поврзан со ова прашање (в. Графикон бр. 29).

### *2.4.10. Резултати во однос на ставот на родителите/старателите за дружење на нивните деца со други во услови на епидемија на Ковид-19*

Испитаниците произнесоа свои ставови и искуства за тоа дали како родители/старатели им дозволуваат на своите деца да се дружат со други, во услови на епидемија кога на дневна основа има повеќе од 100 заболени. Според добиените резултати, најголем дел од испитаниците или 44, 7 % *не им дозволуваат* на своите деца да се дружат со други; 38, 9 % од испитаниците *делумно им*

*дозволуваат* на своите деца да се дружат со други. Само 15, 4 % од испитаниците *им дозволуваат* на своите деца да се дружат со други во вакви услови на пандемија (в. Графикон 30).

## *2.4.11. Резултати во однос на најголемите грижи на родителите доколку се продолжи само со онлајн-настава*

Одговорите на ова отворено прашање повторно дадоа резултатити кои како грижа на родителите/старателите се појавија и во некои од претходните прашања. Генерално изборот на онлајн-наставата е најчесто направен како последица на грижата на родителите/старателите за физичкото здравје на децата (грижа да не бидат инфицирани со Ковид-19), а изборот на комбинирана настава како последица на грижата на родителите/старателите за менталното здравје на нивните деца, правилниот социјален и психички развој, но и за грижата за стекнување на соодветно образование и знаење на нивните деца.

***Табела бр. 15***

**Квалитативен приказ на искажаните грижи на родителите/старателите доколку се продолжи со онлајн-настава**

- Најважно е здравјето на децата.
- Најмногу ќе им недостасува дружбата.
- Десоцијализацијата
- Подолго седење пред компјутер, недостаток на дружење со врсниците.
- Негативен мултипен ефект за развојот на детето.
- Нема ништо да влијае на мојот став „дали моите деца да посетуваат настава“ , па и 80 % од населението од општината да е позитивно на вириусот. Нема да добие соодветно образование, штетно е за здравјето на детето , седење, гледање во монитор, немање час по физичко, немање доволно опрема за многумина родители (компјутери, просторот во домот за спроведување на непречена онлајн-настава, немање контрола, отсутни родители поради работни обврски.... итн...
- Психолошката состојба и начинот на кој тие ја совладуваат наставата. Моите деца 90 % од материјалот го совладуваат на училиште, а дополнителните 10 % со мене.
- Затвореност, физичка неактивност, недостаток на физички контакт, недоволно знаење...

## Индикативни наоди во однос на ставовите и мислењата на на родителите/старателите за методите и начините на организирање на образовниот процес на нивните деца за учебната 2020/2021 година

- Најважен услов за физичко присуство на децата во училиште за родителите/старателите е здравјето и безбедноста на децата (ги истакнале 26 % од испитаниците), понатаму хигиената и дезинфекцијата на училишните простории (за 23, 4 % од испитаниците), помал број ученици во една просторија и држење дистанца/примена на мерките за заштита и безбедност на здравјето (22, 3 % од испитаниците).
- Најбезбеден услов дека децата нема да бидат изложени на зараза, за 50, 8 % од испитаниците е *„онлајн-настава, доколку Владата забрани одржување настава во училиштата поради зголемен број на заразени“*. *„Комбинирана настава од онлајн-настава и настава во училиште со намален број присутни ученици и со сите запазени протоколи за безбедност во училиштата“* е најчесто ворорангиран услов и тоа од 44, 7 % од испитаниците, а најчесто како треторангиран услов е условот *„настава во училиште за сите деца распределени во помали групи, кои ќе одат во смени со сите запазени протоколи за безбедност во училиштата“* и тоа од 35, 3 % од испитаниците.

- Повеќе од две третини од родителите/старателите (68, 7 % од испитаниците) прифаќаат, т.е. би избрале паралелен пристап − комбинирана настава со физичко присуство и онлајн-настава, а речиси една третина или 31, 3 % не би го избрале овој метод како опција за учење на нивните деца.
- Независно од занимањето на родителит/старателите, особено независно од тоа дали се вработени во приватен или јавен сектор или пак се невработени, најмалку две третини од испитаниците од речиси сите занимања би избрале комбиниран пристап во наставата на нивните деца.
- Нешто повеќе од една половина од испитаниците (52, 4 %) би потпишале согласност нивното/нивните дете/деца да оди/одат на училише секој ден.
- Повеќе од една четвртина или 26, 9 % од испитаниците не би потпишале согласност нивните деца да одат на училиште сè додека трае епидемијата на Ковид-19, а една петтина или 20, 6 % би потпишале согласност нивните деца да следат комбинирана настава, со физичко присуство во училиштата секој втор ден, а останатиот дел од наставата да биде онлајн.
- Повисок е степенот за потпишување согласност за секојдневно присуство на нивните деца на настава во училиштата, на родителите/старателите кои се невработени (56, 3) и вработени во приватниот сектор (56 %). Ваква согласност би потпишале 44, 40 %, т.е. 44, 30 % од родителите/старателите кои се самовработени, т.е. вработени во јавен сектор, соодветно.
- Согласност за секојдневно присуство на нивните деца на настава во училиштата не би потпишале 40, 7 % од самовработените старатели/родители, 30, 2 % од испитаниците кои се вработени во јавниот сектор и 26 % од родителите/старателите кои се вработени во приватниот сектор.
- Во најголем дел родителите/старателите ја поддржуваат онлајн и комбинирината настава, додека многу помал дел од нив ја поддржуваат исклучиво редовната настава со физичко присуство во училиштата.
- Половина од испитаниците (49, 9 %) *делумно* имаат време и можност да им помогнат на своите деца во совладување на наставните содржини.
- Една третина од испитаниците (33 %) имаат време и можност да им помогнат на своите деца во совладувањето на наставните содржини.

- 16,7 % од родителите/старателите *не можат,* т.е. немаат време и можност да им помогнат на своите деца во совладувањето на наставните содржини.
- Најчесто одбирана опција за безбедност во врска со здравјето на децата е *„Во секоја училница да има средство за дезинфекција и наставниците да бараат од децата пред секој час да ги дезинфицираат рацете"*; истата ја сметаа за опција која нуди безбедност за децата на 81, 8 % од испитаниците.
- Најголема загриженост за безбедноста на здравјето на децата покажуваат 39, 7 % од испитаниците за опасности на патот до училиште и враќање дома (автобус, дружење после часовите и сл.) доколку се започне со физичко одење на училиште.
- Голема загриженост за безбедноста на здравјето на децата за 30, 7 % од испитаниците предизивикува и несоодветен број деца во една училница.
- Најмала загриженост покажуваат 33, 5 % од испитаницте во врска со соодветното дезинфицирање на просториите (в. Табела бр.13).
- Испитаниците немаат јасно изграден став за тоа во кој случај, односно во случај на колкав број на активни случаи би дозволиле нивните деца да посетуваат настава со физичко присуство во училиштата. Па така, речиси една петтина или 19, 7 % од испитаниците воопшто не знаат во кој случај би ги пуштиле своите деца на училиште. Поради нискиот процент на одговори, дистрибуирани по сите понудени опции, не може да се издвои друг индикативен наод поврзан со ова прашање.
- Најголем дел од испитаниците или 44, 7 % не им дозволуваат на своите деца да се дружат со други; 38, 9 % од испитаниците делумно им дозволуваат на своите деца да се дружат со други.
- Само 15, 4 % од испитаниците им дозволуваат на своите деца да се дружат со други во вакви услови на пандемија (в. Графикон 30).
- Генерално изборот на онлајн-наставата е најчесто направен како последица на грижата на родителите/старателите за физичкото здравје на децата (грижа да не бидат инфицирани со Ковид-19), а изборот на комбинирана настава − како последица на грижата на родителите/старателите за менталното здравје на нивните деца, правилниот социјален и психички развој, но и за грижата за стекнување на соодветно образование и знаење на нивните деца.

## АНЕКС 1: Листа на избрани национални документи за деск-анализа

1. Закон за основното образование КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017).
2. Закон за средното образование КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/108).
3. Закон за ученичкиот стандард КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015 и 30/16).
4. Закон за Бирото за развој на образованието КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/2006; 142/2008; 148/2009, 69/2013, 120/2013, 148/2013, 41/2014 и 30/2016).
5. Закон за Педагошката служба КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ Закон за Педагошката служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2011 и 41/2014).
6. Закон за стручно образование и обука КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ Закон за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/2011, 24/2013, 137/2013, 41/2014 и 145/2015).
7. Закон за наставници во основните и средните училишта КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017).
8. Концепт за развивање на систем на образование од далечина во основните и во средните училишта во Република С Македонија (МОН, 2020).
9. Концепција за воннаставни активности во основното образование (БРО и Фондација Pestalozzi, 2020).
10. Концепција за државното тестирање во основното образование (Државен испитен центар, 2020).
11. Уредба со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Македонија бр. 76/20).
12. Уредба со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Македонија бр. 76/20).
13. Уредба со законска сила за примена на Законот за ученичкиот стандард за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Македонија бр. 84/20).
14. Уредба со законска сила за примена на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта за време на вонредна состојба („Службен весник на Република С Македонија“ бр. 116/20).

15. Уредба со законска сила за доделување на финансиска поддршка на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училиштен прибор, а кои се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Македонија бр. 157/20).
16. Стратешки план на Министерството за образование и наука 2019-2021 (МОН, 2019).
17. Стратегија за образованието 2018 -2025 (МОН, 2018).
18. Стратешки план на Бирото за развој на образованието 2020 -2022 (БРО, 2020).
19. Годишна програма за работа на БРО (2019 година).
20. Подготвителна програма за основна обука „Безбедност и здравје при работа“ на ученици во средното стручно образование (ЦСОО, јуни 2020).
21. Протоколи кои произлегуваат од Планот за намалување на рестриктивните мерки за спречување на ширење на коронавирусот:

## АНЕКС 2: Прашалник за Истражување за ставовите и искуството на родителите/старателите за начините и методите на организирање на образовниот процес на децата за учебната 2021/2021 година

Почитувани родители/старатели,

Целта на ова истражување е да се испитаат ставовите и искуствата на родителите чии деца се вклучени во образовниот процес.

Во насока на поддршка на потребите на децата и адекватни препораки до Министерството за образование и наука (МОН) за најсоодветно организирање на претстојната училишна година 2020/2021, за Првата детска амбасада во светот Меѓаши од исклучително значење е да ги слушне размислувањата и ставовите на родителите/старателите.

Ве молиме за ваши искрени мислења и одговори на прашањата во овој прашалник. Прашалникот се состои од 18 прашања, дел од нив се со понудени одговори од коишто треба да изберете еден или повеќе и помал од дел прашањата се од отворен тип на коишто бараме ваше мислење. Одговорите на прашањата што бараат допишување на вашето мислење се исклучително важни и ве молиме да ги одговорите.

Основни податоци

1. Дали вашето/вашите дете/деца посетува/ат настава? (Ве молиме, заокружете и допишете број на деца)
   - основно образование - број на деца _____________
   - средно образование - број на деца ___________

2. Во која општина учи вашето дете? (Ве молиме, наведете ја општината) ___________
3. Во кое населено место (град/село) учи вашето дете? (Ве молиме, наведете ја општината) ______________________________

Прашалник

4. Дали сметате дека досегашната онлајн-настава ги задоволи потребите на учениците?
   ☐ да, во целост
   ☐ да, делумно
   ☐ не, воопшто
   ☐ друго

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

5. Дали забележувате некои промени во однесувањето (позитивни и негативни, на пример, раздразливост, помала физичка активност, незаинтересираност за излегување надвор од дома, подобра организираност на времето, помагање во домашните работи, подолго седење пред компјутер, на интернет и игри итн.) на вашето дете поврзани со онлајн-наставата?
   - ☐ да, позитивни промени
   - ☐ да, негативни промени
   - ☐ не, нема промени
   - ☐ друго

   ______________________________________________________________________________
   ______________________________________________________________________________

6. Дали сметате дека онлајн-наставата придонела вашето дете да стекне:
   - ☐ подобри оценки и знаења
   - ☐ полоши оценки и знаења
   - ☐ подобри оценки, но помалку знаења
   - ☐ послаби оценки, но поголеми знаења
   - ☐ друго

   ______________________________________________________________________________
   _____________________________________________________________________________

7. Под какви услови би се сложиле вашето дете ученик да оди во училиште од септември 2020 г.? Ве молиме, наведете ги условите што вам ви се најважни.

   ______________________________________________________________________________
   ______________________________________________________________________________

8. Кога најсигурно би се чувствувале дека вашето дете нема да е изложено на опасност од зараза? Рангирајте од најбезбеден начин – 1, до најмалку безбеден – 4.

   ☐онлајн-настава, доколку Владата забрани одржување настава во училиштата поради зголемен број на заразени

   ☐комбинирана настава од онлајн-настава и настава во училиште со намален број присутни ученици и со сите запазени протоколи за безбедност во училиштата

   ☐настава во училиште за сите деца распределени во помали групи, кои ќе одат во смени со сите запазени протоколи за безбедност во училиштата

☐другo

_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________

9. Доколку има можност, дали сте за паралелен пристап (комбинирана настава со физичко присуство и онлајн-настава) кој би ви овозможил како родител/старател да изберете дали детето ќе учи физички присутно во училиштето или онлајн?

☐ да
☐ не
☐ друго

_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________

10. Доколку Министерството за образование предложи децата да одат во училиште со подобрување на условите на хигиена во училиштето, почитување на препораките од Владата и Комисијата за заразни болести и редуциран број ученици во училница со најмалку 2 метри оддалеченост, дали вие како родители би потпишале согласност дека вашето дете може да оди во училиште?

☐ да, би потпишал/а моето дете да оди во училиште секој ден
☐ да, би потпишал/а моето дете да оди во училиште секој втор ден, а останатиот дел да биде онлајн
☐ не би потпишал/а и не дозволувам моето дете да оди во училиште сè додека трае епидемијата
☐ друго

_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________

11. Кој е вашиот предлог за организирање на наставата од септември за да може сите деца рамноправно да учествуваат во образовниот процес? Ве молиме, наведете ги аргументите за вашето размислување/став.

_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________

12. Дали имате доволно просторни и други и технички услови (интерент...) во домот за следење онлајн-настава и дали поседувате електронски уреди (лаптоп, телефон, таблет, камера, компјутер, телевизор...) за следење на наставата?

☐ да
☐ не
☐ делумно
☐ не знам

13. Дали вие, како родители, имате време и можност да им помогнете на вашите деца во совладување на наставните содржини?
    ☐ да
    ☐ не
    ☐ делумно
    ☐ не знам

14. Што би придонело да се чувствувате побезбедно во врска со здравјето на вашето/вашите дете/деца? Обележете ги сите одговори со кои се согласувате.
    ☐ Секој родител/старател на дневна основа да ја следи здравствената состојба на своето дете/деца и за секоја промена веднаш да го извести училиштето;
    ☐ Секое дете да биде оддалечено најмалку 2 метри и во зависност од училницата да се утврди максималниот број ученици;
    ☐ Постојано да има здравствен работник во училиштето;
    ☐ Часовите да траат покусо, најмногу 30 минути;
    ☐ За време на одморите и на часовите по физичко образование децата да бидат организирани во контролирани физички активности, без близок контакт;
    ☐ Во секоја училница да има средство за дезинфекција и наставниците да бараат од децата пред секој час да ги дезинфицираат рацете;
    ☐ Често да се разговара со децата за важноста на хигиената како превентивна мерка и како тоа да го прават во училиште;
    ☐ Друго, ве молиме, наведете.
    ____________________________________________________________________________
    ____________________________________________________________________________

15. Ве молиме, оцenете што најмногу ве загрижува доколку се започне со физичко одење во училиште. (1 за најмалку, 6 за најмногу)

    ☐соодветно дезинфицирање на просториите

    ☐ неинформирање за здравствената состојба на своето дете/деца од страна на нивните родители/старатели

    ☐почитување на мерките од страна на децата (одржување дистанца, дезинфекција на рацете итн.)
    ☐почитување на мерките од страна на возрасните (носење маска, одржување дистанца, дезинфекција на рацете итн.)
    ☐несоодветен број деца во една училница
    ☐опасности на патот до училиште и враќање дома (автобус, дружење после часовите и сл.)

☐друго (наведете што)

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

16. Дали и во колкава мера бројот на заразени од Ковид-19 ќе влијае на вашиот став дали вашето дете ќе посетува настава во училиште? (можен е еден одговор)
☐ Би го пуштил моето дете да посетува настава во училиште доколку бројот на заболени во мојата општина е до 100 активни случаи.
☐ Би го пуштил моето дете да посетува настава во училиште доколку бројот на заболени во мојата општина е до 60 активни случаи.
☐ Би го пуштил моето дете да посетува настава во училиште доколку бројот на заболени во мојата општина е до 40 активни случаи.
☐ Би го пуштил моето дете да посетува настава во училиште доколку бројот на заболени во мојата општина е до 20 активни случаи.
☐ Не би го пуштил моето дете да посетува настава во училиште доколку има 1 заболен од мојата општина.
☐ Додека целосно не се искорени коронавирусот не би го пуштил моето дете да посетува настава во училиште.
☐Не знам.

17. Додека бројките на заразени од коронавирусот на дневна основа беа 100 и повеќе, дали на вашето дете му дозволувавте да се дружи со други?
☐да
☐не
☐делумно
☐не знам

18. Што најмногу ве загрижува за вашето/вашите дете/деца доколку се продолжи само со онлајн-наставата?

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

19. Ве молиме, набројте три најважни работи поврзани со физичкото присуство во училиштата кои му недостигаа на вашето дете за време на онлајн-наставата март/јуни 2020 год. и кои можат да се подобрат во случај на продолжување со онлајн-настава од септември 2020 год.

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

__________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________

20. Што ви беше најголем предизвик при онлајн-наставата на вашето дете?

__________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________

21. Што беше најголем предизивик за вашето дете при онлајн-наставата?

__________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________

22. Пол

☐ машки
☐ женски

23. Возраст

☐ до 25 години
☐ 26 – 30 години
☐ 31 – 35 години
☐ 36 – 40 години
☐ 41 – 45 години
☐ 46 – 50 години
☐ 51 – 55 години
☐ 56 – 60 години
☐ над 61 година

24. Приходи во вашето домаќинство

☐ до 15 000 мкд
☐ 15 001 – 25 000 мкд
☐ 25 001 – 35 000 мкд
☐ 35 001 – 60 000 мкд
☐ над 60 001 мкд

Ви благодариме!